СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 септември 1996 година

Скопје, септември 1996 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 53-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 13.09.1996г.**

1. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 29, 102
2. ГОЦЕВСКИ ИЛИЈА - 14, 19, 91, 95, 103
3. ГОШЕВ ТУШЕ – 38
4. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 100, 106
5. НАЧЕВСКИ МАРЈАН - 57
6. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 2, 11, 59, 60, 74, 91, 92, 102, 10б
7. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 48, 51
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 62
9. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 80
10. РАМАДАНИ ХИСЕН - 46
11. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН – 7, 10, 82, 84
12. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 34, 36, 58, 71, 74, 97, 99
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 54
14. ТАИРИ МЕВЉАН - 40, 44, 76, 79, 91
15. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 21, 28
16. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 72, 77, 98, 101

т. 2/Предлог за донес.на Закон за град Скопје стр.63
-амандманска расправа
т.3/Предлог за донесув.на Закон за избирачки списоци за избирачка легитимација со Пред.на закон.

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 13 септември 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Блаже Филиповски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Го отворам второто продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Трајков, Алил Џафероски, Ванчо Чифлиганец, Илинка Митрева, Ристо Николовски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски и Кенан Хасипи ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на <u>втората точка</u> - Предлог за донесување на закон за Градот Скопје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правосудство господинот Владо Поповски.

I/2.-/ДВ/МЛ

Дами и господа пратеници. Денес на дневен ред е Предлог - законот за Градот Скопје. Тој е закон кој не е толку обемен и имам впечаток дека не е толку сложен како што беше законот што го усвоивте на вчерашниот ден. Меѓутоа овој закон е важен затоа што во рамките на правниот поредок во областа на локалната самоуправа нормираме позиција, надлежности и односи на главниот град на Република Македонија.

Основните цели со овој закон кои треба да се постигнат или кои сметаме дека треба да се постигнат, а во исто време сметаме дека до голема мерка се постигнуваат со оваа нормативна рамка на законот, се:создавање на нормативна основа за конституирање на Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, односно како дел од локалната самоуправа; создавање на основа да се востановат неговите органи врз нормите на локалната самоуправа и трето, создавање основна правна рамка за неговите надлежности преку нивно утврдување.

Во кои уставни одредници ги поставивме законот и низ која призма можеме да ја следиме концепцијата на законот за да можеме да оцениме до која мера овој закон ги пополнува нормативно атрибутите утврдени во Уставот на Република Македонија, што се однесуваат на Скопје како главен град:

Првата линија од таа основа /која што претставува концепциски параметар е одредбата дека Скопје е посебна единица на локална самоуправа.

Втората одредница е дека Скопје како главен град на Република Македонија и како единствена просторна урбана, политичка и еколошка целина има и посебна позиција во структурата на единиците на локалната самоуправа.

I/3.-

Да потсетам дека овие параметри содржани во Уставот треба да се земат предвид во рамките на едностепената самоуправа утврдена со Уставот на Република Македонија, која се однесува за сета Република, што со овој закон е пополнето во голема мерка или во мошне висок степен, а што останува дополнително да се развива, било нормативно преку измени и дополнувања на законот како идни промени на овој план, било преку уставната можност за делегирано законодавство за Скопје навистина да се издвои со посебна позиција како главен град на Република Македонија, а во таа смисла како посебна единица на локална самоуправа.

Сметаме дека во овој закон во голема мерка нормативно е операционализирана идејата Скопје да се определи како посебна единица во рамките на локалните единици и како единствена просторна и урбана, економска, политичка и еколошка целина. Законот нормативно дава одговор на овие линии на позицијата или пунктови од позицијата на градот Скопје и нормативно ги операционализира. Тоа се гледа на прво место во начинот на конституирањето на неговите органи што содржи една специфика во однос на начинот на конституирањето на органите на другите единици на локална самоуправа, во оној факт во кој законот укажува дека тие органи се формираат по две линии. Прво со општ непосреден избор од страна на граѓаните, на ниво на квотата од 25, колку што е и границата според Законот за локална самоуправа, сообразена со бројот на жителите на Градот Скопје како таква единица и^второ, со претставниците на општините кои се наоѓаат на подрачјето на Градот Скопје, што значи со сегментот на општините на претставниците на општините кои ќе ја изразат врската и взаемните односи меѓу Градот Скопје и општините од подрачјето на Градот Скопје. Второ, и главно, практично, на полето на надлежностите направен е обид да се прецизираат надлежностите до степен на препознавање кои што

припаѓаат на Градот Скопје, според критериумот на нивната неделивост и според критериумот на нивната општост, како за Градот Скопје, така и за општините од подрачјето на Градот Скопје.

Понатаму, нагласена е линијата на соработката меѓу Градот Скопје и општините или меѓу Советот на Градот Скопје и советите на општините во остварувањето на одделни надлежности од страна на Градот Скопје.

Тоа се спецификите кои практично го реализираат и преку нормите практично го остваруваат начелото дека Градот Скопје е посебна единица.

Неопходно е концепциска гледна точка да се појасни самата позиција на Градот Скопје во однос на општините што има реперкусии токму на планот на поделбата на надлежностите.

Со оглед на едностепеноста на локалната самоуправа во РМ Градот Скопје никако не може ниту да се разбере ниту рамките на таквото разбирање да се инсистира на посебни надлежности во смисла на Градот Скопје како надредена единица на локална самоуправа над општините, што значи Градот Скопје не стои пирамидално во однос на општините од подрачјето на Градот Скопје.

Бидејќи самоуправата е едностепена, концепциски Градот Скопје е единица на локална самоуправа со посебни надлежности кои по хоризонтала, така да~се каже се поделени и која како единица на локална самоуправа стои, покрај единиците на локална самоуправа на подрачјето на Градот Скопје, односно покрај општините од Градот Скопје. Од тие причини најсуштественото прашање што го заслужува вниманието на пратениците е прашањето на надлежностите, распоредот на надлежностите и прашањето на уредувањето на взаемните односи, па

се очекува дека тука и вниманието на пратениците ќе биде концентрирано. Претпоставувам некои други практични а важни прашања, како што се границите меѓу општините, бидејќи границите го претпоставуваат не само просторот и имотот и потенцијалот на општините во Градот Скопје, ќе бидат можеби првенственото прашање, но тие се, така да кажам претпоставката за утврдувањето на рамките на самите општини. Но за утврдувањето на позицијата на надлежностите, на квалитетот на надлежностите, практично тоа е главата на надлежностите во овој закон.

Што во овој закон, на крајот и повеќе самокритички, не е развиено во иста мерка како што е развиена онаа уставна одредница за Градот Скопје како единствена, просторна, урбана, економска, политичка и еколошка целина и како посебна целина. Посебно во таа смисла може да се каже дека во овој закон во оваа фаза на ова ниво, бидејќи не постои никакво претходно искуство не е доволно развиена нормативно и не е операционализирана идејата на Скопје како единица на локална самоуправа во својство на главен град на Република Македонија. Во ова својство, во законот практично има само една одредница, препознатлива во надлежностите. Тоа е дека Градот Скопје е надлежен за инвестиционите проекти и за изградбата на објекти од општо републичко значење. Сметам дека Градот Скопје може натаму да се развива како посебна единица на локална самоуправа во перспектива, односно во линијата на главен град на Градот Скопје до колку добие обмислен и широк круг на надлежности кои би биле делегирани' од страна на државата, заради тоа што Градот Скопје има огромен кадровски потенцијал, концентрација на огромно знаење, на можности, а во исто време во рамките на тие можности и на економски можности, покрај стручни, интелектуални и други. Од тие причини Владата на прво место е таа која е одговорна, по донесувањето на овој закон да подготви пакет

или сноп на надлежности што може да ги делегира на Градот Скопје, со што самата ќе се растовари доволно и со што, можеби ќе постигне порационално, посоодветно и поекономично нивно остварување од една единица на локална самоуправа или од Градот Скоп- је кој го има потенцијалот, речиси, на нивото на потенцијалот на самата Република.

Втората линија на афирмирањето на Градот Скопје како главен град, а во исто време како единица на локална самоуправа е унапредувањето на концептот на самиот овој закон кој како изворни надлежности Градот Скопје ќе добие поширока лепеза на конкретни надлежности, за разлика од ова што во овој момент како изворни надлежности имаме една алинеја. Сметам дека за постигнуваше на оваа второто, за создавање на регистар на изворни надлежности кои би биле типични за главен град на Република или на држава, во исто време остварувани преку градот како единица на локалната самоуправа е потребно искуство. Потребно е, така да се каже, изодување на определен период и прочувствување на, а тоа значи утврдување на оние интереси и потреби кои сега ги врши државата, а кои може изворно да ги врши самиот град.

Да завршам со тоа дека, до колку тој регистар натаму се развие и до колку, особено многу брзо, меѓутоа не еднократно, туку сукцесивно и динамички што значи и со можност да се повратат одредени функции до колку немаат оправдување и понатаму да бидат делегирани, до колку се развие делегираната надлежност на Градот Скопје, ние навистина ќе го имаме Градот Скопје во рамките на уставните одредници. Конечно на таков начин овој закон не е ниту завршен, ниту совршен, но овој закон е доволна, нормативна и правна рамка за уредувањето на основните одредници на Градот Скопје како посебна единица и е нужен правен инструмент за негово востановување како единица на локална

самоуправа или како дел од локалната самоуправа во Република Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине потпретседателе, господо министри, господа пратеници. Се јавив за збор да кажам одредени работи за овој закон затоа што за мене овој закон е еден од најбитните закони, со оглед на тоа што регулира материја на еден главен град, град кој по многу нешта, дури и според уставната категорија е посебно одреден како посебна локална заедница.

Бидејќи градот е така дефиниран и во Уставот, а и во практика, прва моја забелешка е зошто Законот се донесе вака во брза постапка. Јас мислам дека требаше да оди во нормална процедура, да се искажат сите мислења и видувања за начинот уредување на Градот Скопје па дури тогаш да се оди како Предлог на закон.

Сигурно дека Скопје како главен град обилува со многу специфики, било тоа да се историски, било да се практични, реални, денешни, но сигурно треба да го предвидиме начинот на функционирање и за иднина, како овој град како главен град на Републиката со тенденција да стане и центар на Балканот, сигурно дека треба и од тој аспект да се размислува како би функционирал подобро.

Имајќи предвид дека градот има свое историско минато, има и културни и многу други специфики, битно е со овој закон сите тие специфики и сите тие разлики да можат и понатаму да се сочуваат, да може градот да функционира со сите тие разлики, но тие разлики секогаш да бидат во некоја хармонија.

Мислам дека предлагачот направил доволно напори за тоа, колку е тоа можно во овој момент да се регулира со тоа што предложил поделба на општините такви какви што се создадоа досега по некои приодни законитости и тоа за мене во овој момент е добро. Но, она што посебно сакам да го истакнам е тоа што ме загрижува членот 6 став 1, точка 9 и 13 каде се набројуваат надлежностите на Градот Скопје. Посебно ме интересира точката 9 каде е дадена одредба за тоа кој го уредува и организира снабдувањето со вода на Скопје. Не знам од каде идејата, за разлика од Законот за локална самоуправа каде оваа точка и оваа одредба е како осма по ред во седмиот член, овде и поединечно да се издвојат изворите кои треба да ги уредува и организира Градот Скопје, уште повеќе кога се знае дека главниот извор од кој се снабдува цело Скопје и не само Скопје со сегашните граници што се предлагаат, туку и Скопје со сегашните односно со сега бившите општини. Тоа од прилика ни помалку туку 1/3 од цела Македонија, се предлага и натаму да го уредува Градот Скопје, имајќи предвид дека Рашче како извор не се наоѓа понатаму на подрачјето на Градот Скопје.

Се набројуваат уште два други извори кои се на подрачјето на Градот Скопје, но до ден денес не се експлоатираат. Сигурно дека Градот Скопје понатаму ќе има и други извори или веќе во изградба е и браната "Козјак", но таа не функционира во овој закон. Ако требаше веќе да се набројуваат, требаше да се набројат и другите извори.

Не знам, не можам ни да помислам дека некој може и така да размислува дека, ако случајно уредувањето и организирањето со вода за пиење евентуално би го преземала некоја друга општина во која се наоѓа изворот, таа би направила така што на кого би сакала би дала вода а на

кого не би сакала, не би му дала. Тоа од овде одговорно го тврдам дека никој не смее ни да помисли, сигурно дека секој еден знае оти водата е општо добро за животот. Но, толку неповерење спрема луѓето каде што се наоѓа изворот, спрема луѓето кои буквално и го чуваат тој извор, тие случајно да не бидат тие што на директен или можеби на индиректен начин одлучуваат за тоа како ќе се експлоатира понатаму водата.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ**: (Продолжение)

Јас користам прилика овде пред сите вас и пред целата македонска јавност да кажам нешто што верувам многу од вас не знаат дека како резултат на ваквото досегашно решение, со тоа што градот Скопје носеше водостопанска основа за снабдување на градот Скопје имаме ситуација и самото село Рашче каде што извира водата не може да пие од таа вода, а сите други можат да појат од изворот Рашче.

Вие знаете, пред некое време и во јавноста беше дека околу 700 л.во секунда вода се трошат како индустриска вода, а да не зборуваме за тоа колку неекономично се работи од изворот Рашче, секојдневно гледајќи ги како со таа вода се мијат, улици и паркови, се наводнуваат, а граѓаните и покрај 3 едно по друго избрани од страна на санитарната инспекција, граѓаните од с. Рашче и околните места не можат да ја користат таа вода. Не можат да ја користат таа вода затоа што, за тоа донел одлука градот Скопје. Јас искрено да ви кажам мислев дека ваков случај нема никаде во светот. Но, некои си инженер од негово искуство ми кажал дека ваков случај имало во Индија. Селото одкаде што е најголема хидроцентрала немало струја. Еве, имаме случај и во Европа, селото од каде што пијат вода пола Македонија, таа не може да пие вода. Уште повеќе кога се знае дека зоните на кои се простира водата е токму на овие села кои што немаат до ден денес и не користат вода. Да не зборувам тоа што значи, за едно подрачје, за едно село, а сега понатаму веќе и за една општина или две ако таа не може да има вода за пиење. Случајно ги знам и постојните одредби со кои се регулира исе дава можност и најобичен дуќан да се отвори по постојннп прописи не може да се отвори без чиста плитка вода. Сето тоа доволно зборува во каква ситуација е доведено Рашче, па и околните села.

Уште еднаш одговорно тврдам дека никој не помислува некому да забрани да пие вода, но редно е тие луѓе од каде што извира и ја чуваат таа вода најмалку и да се прашаат за таа работа, како ќе се користи таа вода.

Мислам дека ова беше доволно ние како пратеници, како Влада да размислуваме и да најдеме солуција која ќе им овозможи на овие луѓе рамноправно, ако не повеќе да учествуваат при поделбата и користењето на оваа вода.

Уште една работа, тоа е член 13 точка 13 од истиот член каде што се уредува и користењето и организирањето за посебните прогласени национални паркови. Јас не знам зошто таму е испуштено да се доперцизира дека ваква надлежност градот има само за подрачје во градот Скопје. Инаку, во спротивно би останал и понатаму тоа прашање отворено за кои се надлежности има градот Скопје. Дали тоа значи дека прогласените заштитни зони, национални паркови надвор од подрачјето на град Скопје и понатаму остануваат во надлежност на градот Скопје. Градот Скопје да организира како и кој ќе ги користи. Овие две забелешки за мене се многу битни и длабоко сум уверен дека ќе преовладее овој момент разумот и ќе најдеме солуција која ќе ги задоволува сите. Нормално, пред се, граѓаните на градот Скопје, кој што ќе можат нормално да ги користат овие два многу битни извори за живот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави министерот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

За да не предизвика недоумица кај граѓаните на РМ ова што го дискутираше г-динот пратеник, да бидам прецизен. Изворот на Рашче и

неговото користење или уредувањето на неговото користење се решава со законот заводите и тоа нема да биде надлежност на новата општина на Кондово.

Второ, организирањето на водоснабдувањето на градот Скопје е надлежност на градот Скопје, а не на општината Кондово.

Трето, користењето на водите од изворот Рашче нема да биде условено од мислењето и од волјата на граѓаните на општина Кондово. Напросто, тоа е законска материја. Она што е оправдано во дискусијата на г-динот пратеник и за што имам целосно разбирање е дека граѓаните кои што живеат на заштитните зони или каде што се наоѓаат изворите логички и по сите критериуми се очекува да бидат корисници на водите и другите природни благодети кои што се наоѓаат во рамките на нивната општина. За мене лично е апсурд и е просто несфатливо граѓаните кои што се наоѓаат на одредени природни извори со голема издашност, да пие нечиста вода или загадена вода и да не е воспоставена гранка од системот за да се снабдуваат со здрава вода.

Слушнав дека на овој начин, денеска сакам исто така да бидам чесен, да речам во оваа ситуација, затоа сум докрај јасен дека ова е втор случај, а дека првиот случај, кој што го слушнав е тоа дека граѓаните околу Липково, каде што Липково претставувало извор за здрава вода за градот Куманово, тие самите немале вода за пиење од браната која што се наоѓа во месноста на тие села. Што значи ако ги разграничиме работите целосно разбирање и право за правата на граѓаните на чиста вода и дури да речам како гест на извесен приоритет во поставувањето на мрежата, во случајов нема приоритет, не постои приоритет, затоа што веќе е востановен за други населби, што значи во случајот треба час

поскоро да се поправи таа неправда. Граѓаните од тие извори треба да имаат еднакви права како и другите корисници кои што се подалеку од изворите. Меѓутоа, уредувањето на користењето на природните извори, организирањето на тоа користење, особено на извори кои што опфаќаат повеќе општини, или кои снабдуваат голем површини, не можат да бидат ниту на Кондово, ниту на Вевчани, на пример, доколку е изворот за регионален водовод, ниту на Горна Белица, ниту на Цер, ниту на никој друг. Тоа ќе се регулира со законот за водите и со законот за водостопанската основа и водоснабдувањето.

Оваа интервенција и во оваа форма ја соопштив за да не се создаде погрешно разбирање кај граѓаните, бидејќи е на начинот на кој беше искажана дискусијата, не само што погрешно би се разбрале последиците, или она што следи, туку би предизвикало големо реагирање, тоа би се поврзало со самиот закон за поделба на РМ на општини и законот за поделба на Македонија на единици на локална самоуправа ќе изгледа, што не е точно, како делба на земјата на изворите и богатството. Извинете, изворите, богатствата и с€ друго е општонародно добро и нивниот режим се регулира со закон, а не се одлука на општината, па која и да е. Во конкретниот тек во таа смисла подготвивме амандман, кога станува збор за водоснабдувањето на граѓаните од градот Скопје и од населбите кои ги снабдува системот аз водоснабдување, јавното претпријатие на градот Скопје или градот Скопје ќе го организира водоснабдувањето за своите граѓани како што ќе го организира водоснабдувањето друга општина за своите граѓани, на уредувањето на односите. Па, дури нормите околу стандардите, околу организирањето ќе се уредат со и ќе ги води државата. А, државата ќе ги

делегира таму каде што таа ќе смета дека ќе треба да се делегира, затоа што таа ќе биде господар над тие надлежности.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави Илија Гоцевски.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, господ министри, почитувани колеги пратеници.

Денеска го разгледуваме законот за градот Скопје, кој по својата важност јас го сврстувам меѓу поважните од повеќе причини.

Прво, што се однесува за градот Скопје во кој живеат повеќе од 1/3 од жителите на Македонија.

Второ, што треба да ги регулира односите меѓу општините во Скопје и градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа,а кој односи досега не беа јасно дефинирани, односно беа најнедефинирани.

Трето, што со овој закон ќе се реализираат или ќе се создадат услови за практична реализација на повеќе закони донесени во ова Собрание од областа на стопанството, образованието, културата, спортот и се друго што значи живот, живот во базата.

Веднаш морам да кажам дека е направен радикален чекор напред, но не како може, и треба да биде радикален. Ова го зборувам од искуството кое го имаме од изминатите 5-6 години и проблемите што беа поставувани пред нас како општина, односно како општинско

раководство. Се прашуваме каков закон треба да има Скопје и општините. Законот за Скопје треба да биде таков кој нема да биде опструктивен за успешен развој, закон кој ќе овозможи почист град, градежно, сообраќајно поуреден, снабден град, град кој ќе уреди градежно земјиште, не само за живеење, туку и за развој на туризмот. Сето тоа може со правилна распределба на надлежностите меѓу општините и градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа, која јас ја гледам во тоа што Скопје е главен град на државата и второ што има заеднички Функции што треба да ги врши како посебна единица на локална самоуправа во општините во Скопје кои заедно претставуваат единствена, урбана, политика и еколошка целина. Во таа целина се треба да се подреди во функција на граѓаните. Тоа значи сите функции што може самостојно да ги решава општината, да постанат нејзина надлежност, а она што е неделиво и заедничко да остане во функција на градот.

Во понудениот текст за донесување на законот за град Скопје е направен чекор напред, меѓутоа, мислам дека порадикално и посмело може да се направи тоа во конечниот текст, односно со амандмани овој пат, што предлагачот на законот мислам дека ќе го цени и ќе уважи некои од нашите предложени амандмани.

Досегашната поставеност и организираност на Скопје и општините беше исклучително лоша, што може да се потврди со состојбите во Скопје како град на депонии, нерешени инфраструктурни проблеми, како што е канализации, улици и слично и тоа има своја историја од порано, односно од периодот кога општините во Скопје беа општествено-

политички заедници, односно кога имаа надлежности на мали држави, а претседателите во тоа време се бавеа со висока политика, со штрајкови на работници, замена на директори и други политичко - економски проблеми.

Наспроти тоа, проблемите што значат живот по општините со статути беа пренесени на градот, со концентрација на средствата за уредување и рентата. Градот Скопје, пак, од своја страна не можеше физички да ги покрие. Градот со својата целокупна површина на сите општини, а да не зборуваме за селските населби кои беа тотално запоставени во изминатите 20 и 30 години.

Од сето напред изречено предлагам конкретни забелешки во текстот на предлогот на законот.

Во член 6, став 5 во кој стои "ги врши работите на уредување и користење средства од 60% од средствата собрани за уредување на градежно земјиште во градот и 40% овие средства собрани во општините ги користи општината", овој однос треба да биде обратен. 60% треба за општините а 40% во градот дури и повеќе во корист на општините. Тоа го велам од повеќе причини.

Прво, досегашното искуство покажа дека со концентрацијата на средствата градот остана доста неуреден, нечист, со можности исто така за пренасочување на средствата од една општина во друга и до нерамномерна уреденост на општините, што не е крајна цел на овој закон. Според тоа, европското доближување непосредно до граѓаните ги става општините во Скопје во нерамноправна положба во однос на другите општини во Републиката.

Трето, и најглавно со таквиот однос на собирање средства е дестимулативен за идните раководства на општините, односно крајно е

нелогично и недопустливо средствата да се собираат на едно место, а здружуваат на друго место за трошење. на тој начин новото општинско раководство ќе биде немотивирано да уреди и лицитира што поголем дел од својата површина и собере повеќе средства, а со тоа и градот губи односно добива како целина, како по уреденост на градскиот дел по општините, така и во средствата за заеднички потреби.

Со еден збор, овој закон не смее да биде опструктивен туку напротив треба да биде во склад со системот на пазарно стопанисување. Би требало општините во Скопје да се натпреваруваат која општина поуспешно и подобри ќе го уреди својот дел и ќе му понуди на граѓанинот поуреден град, повеќе локации за градба, како за индивидуална изградба, уште повеќе локации за мало стопанство со можност за нови вработувања и создавање услови за пораст на производството.

Исто така, тоа ќе биде и мотив повеќе за решавање на проблемите на дивоградбите, што според некои податоци ги има повеќе од 40 илјади во градот Скопје. Со нивната легализација и вклопување во деталните урбанистички планови таму каде е тоа можно и со постапка наплата на комуналните давачки би се полнел фондот за уредување како во општините, исто така и во градот.

Со еден збор, општините во Скопје треба да бидат тие кои во духот на пазарното стопанисување ќе нудат на граѓаните, пред се, уреден град, комунални услуги, локации и друго. Па, според квалитетот на понудените животни услови граѓаните бираат каде ќе живеат, каде ќе развиваат стопански дејности, а при тоа бирократскиот однос на чиновниците по

општините биде сведен на што е можно помала мерка.

Поточно, општините да се борат да придобијат поголем број стопанственици, а не да чекаат со години за добивање локација, дозвола за градба и слично, односно ако една општина затаи во тој поглед, другата ќе го придобие со својата активност.

III/1.-JM/OM

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ**: (Продолжение)

Втора забелешка на законот конкретна е забелешка што на член 6 точка 6 каде што треба да стои дека од градската рента треба да добиваа® делии општинските собранија. Со тоа и собирањето на рентата ќе биде поажурно, а и поголем дел од проблемите актуелни по општините поуспешно ќе се разрешуваат.

Трета забелешка е на член 6 точка 19 каде стои дека градо Скопје го уредува одржувањето и користењето на јавните пазари: Бит Пазар, Зелен Пазар, Буњаковец во согласност со закон. Мислам дека оваа надлежност треба да биде на општините од причина што пазарите не можеме да ги делиме на големи и мали, градски и приградски, а тие се наоѓаат на територијата на некоја од општините која ќе може и поуспешно и самостојно , квалитетно да ги уредува и тоа се во интерес на целиот град. По мое мислеше еден кванташки пазар како постоен пазар треба да биде во надлежност на градот, можеби и сточниот пазар Истата забелешка важи и за паркиралиштата во градот. Тоа се работи што општините во градот Скопје можат самостојно и успешно да го уредуваат за градот. Градската хигиена и зеленило исто така може да се одржува поуспешно по општините, а со својата работа и успешност подружниците од јавното претпријатие задолжени посебно за секоја општина да го задржат статусот на јавно претпријатие без страв за едно јавно претпријатие со монополистички однос кон работата.

Четвртата забелешка е во глава 4 организација и работа на градот Скопје. Поточно во член 14 се предвидува главен архитект кој ги координира работите на целото подрачје во Скопје. Меѓутоа мора да се додаде дека тоа е во делокругот на надлежностите на градот, поточно

околу генералниот план на Скопје кој го донесува Советот на градот Скопје. Меѓутоа потребно е и сигурно архитекти за општини кои си имаат свој делокруг на работа во областа на деталните урбанистички планови што се исклучиво надлежност на општините кои не се така мали во Скопје. Во член 15 стои дека ако главниот архитект не даде позитивно мислење на деталниот урбанистички план што го донесува општината постапката за нивно донесување не може да започне. Треба да се додаде само во случај ако не е вклопен во контурите на генералниот урбанистички план, а не во било кој случај ако што е кажано во текстот.

Во преодните и заврши одредби односно во членот 17, 18 и 19 покрај градот Скопје треба да стојат и општините во градот Скопје тоа е во смисла на донесувањето на статутите бидејќи Скопје и општините во Скопје се заедно и тие работи треба да се донесуваат заеднички. Градот Скопје како главен град мислам дека треба да добие покрај заедничките работи протоколарни и некои други државнички надлежности што понатаму во периодот на децентрализацијата ќе се пренесат од Владата на градот.

Во областа на образованието и културата да ги добијат надлежностите што значат повеќе од основно образование, примарна здравствена заштита, надградба која ќе биде во интерес на сите општини и граѓани во Скопје. Тоа како центар за странски јазици, Работнички универзитет, културни установи и т.н. што значи надградба на се она што останува над општините.

И на крајот мислам дека не треба да се изјаснуваат надлежности на градот, или општините. Тие се детерминирани од карактерот, Во прашање е само каде поуспешно ќе се реализираат во општината,или градот и тоа се во служба и интерес на граѓаните.

III/3.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, претставници на министерства и почитувани пратеници како што рече еден пратеник внеера, колку сте толку сте на број . Пред нас е еден многу важен закон. Зошто е важен закон , односно донесувањето на важен закон? Овој закон тангира една третина од Македонија, бидејќи по сегашната поставеност Скопје, населението во Скопје е речиси една третина од Македонија,односно со новата реорганизација стеснување на подрачјето на град Скопје е нешто помалку, но во секој случај овој закон ги засега можеби 30% од граѓаните на Република Македонија ако се земат предвид и оние кои гравитираат кон градот Скопје. Што значи судбоносен закон за жителите на град Скопје. Меѓутоа, за жал форсирана е овде теза дека треба да се донесе во скратена постапка, односно во една фаза иако кога беше расправано во врска со овие пакет закони од министерот беше кажано :немојте да барате три фази, ќе одиме во цел овој корпус на овие закони ќе одиме во две фази, затоа што меѓу правата и втората фаза ќе имате доволно време да расправате и т.н. Меѓутоа по останатите закони додоа годишните  одмори, не се водеа расправи, но по овој закон се случи уште нешто што е пофрапантно. Се случи на 27 август немаше кворум, или не знам што тој ден не се донесе овој закон, не беше усвоена неговата прва фаза, потоа се одложи за неколку дена подоцна и без било какво образложение на министерот Владо Поповски законот се повлече. Ние навистина не знаевме што се причините, меѓутоа причините набргу станаа јасни по некој ден едноставно се соопшти дека законот е веќе исправен, преправен и дек ќе се носи во една фаза. Значи се лансираше теза три фази, две, за да на крај се лансира донесување на вака значаен закон кој тангира толкав број на граѓани само во една фаза. Навистина чудно и фрапантно. Што ќе му

пречеше на министерот ако беше уште некој ден повеќе па да можат меѓу две фази граѓаните да се изјаснат. вака како што е форсирана оваа теза , вака како што се најде на дневен ред дојдовме до ситуација да граѓаните на град Скопје не можат да се изјаснат за закон кој ги тангира нивните интереси. Никаква расправа не можеше да се организира, бидејќи законот е добиен пред два дена, денеска добивме амандмани, седницата беше почната амандманите во текот на седницата пред две до пет минути беа поделени. Така што не успеавме ниту да прочитаме , иако оние што ја пратиме оваа материја од прилика знаеме за што се работи бидејќи беа усогласувањата со законот за територијална поделба Не успеавме да одгонетнеме која е сепак конечната територија , кое е конечното подрачје на град Скопје. Значи се ускрати можност дури и на пратениците, а да не зборувам и на граѓаните, да не зборувам дека и месните заедници ниту пак скопските општини како што кажа претходниот дискутант не можеа да расправаат за еден ваков витален закон. Значи основно граѓанско право кое што и порано беше и во претходниот систем да се води една јавна расправа не оние долги расправи и т.н., меѓутоа една минимум расправа каде што ќе се дадеше можност на граѓаните да го кажат својот збор, да го кажат зборот за својот закон беше ускратено и тоа е навистина несфатливо. И оттаму предлагам денеска да расправаме за предлог за донесување на закон за град Скопје, а за десетина дена за предлог на закон. Не се работи како што беше кажано за никаква опструкција и т.н., или дека е некој на стража и дека треба да бидеме будни и т.н, до полноќ да работиме и дека Либералната партија одлага, одолговлекува и т.н. Едноставно се работи за почитување на една процедура нормална законска процедура . И еден ваков важен закон јас не памтам, ниту овој Парламент, ниту претходниот, а веројатно и во минатиот систем не бил донесен вака

набрзина. Десет дена, или недела дена навистина ништо не значат, а ќе значат давање можност на сите оние кои ги тангира овој закон да можат да го кажат своето мислење, да кажат збор, два за својот закон. И тоа остана чудно и не разјаснето. Очекувам во текот на расправата министерот Поповски да ни одговори зошто е вака направено.

Сакам само да потенцирам дека овој закон, тоа знам дека министерот ќе стане ќе реплицира, ќе каже дека ќе видиме како ќе појде на гласање Вашата дискусија, односно неговата, дека не треба две третини и т.н. Овој закон е сосема јасно и кристално чисто дури и појасно од законот за територијална поделба дека мора да се усвои со две третини. Таа теза се лансираше до распаѓање на коалицијата и во владеачката партија. До пред месец, два и во комисиите беше присутна теза дека се неопходни две третини за донесување на овој закон. Еве од кои причини. Имено во член 114 од Уставот став 4 е кажано дека локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на пратеници. Понатаму се кажува дека 117 став 1 градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа чија организација се уредува со закон. Значи се уредува и се уредува. Закон за град Скопје токму ја уредува локалната самоуправа и сосема е кристално чиста дека се потребни две третини. Министерот во расправата за законот за територијална поделба укажа дека е сигурен дека не треба две третини, дека има Уставен суд и т. Меѓутоа јас можам да кажам дека голем број негови колеги правници од Правниот факултет се исто така на наше гледиште дека се неопходно ни две третини. И тој ја вети тогаш пред два дена таа расправа каде што ќе се кристализира ова мислење, ќе се расчисти дали се потребни две третини, односно да си укажат некои врвни правни стручњаци особено од уставната сфера свое

мислење. Тој и нив тоа право им го ускрати сметајќи дека веројатно со тоа ќе падне неговата теза веројатно и не беше расправано и не го одржа своето ветување . така што е сосем; јасно каков закон треба да се носи и со какво мнозинство. Не се работи за некоја вонредна состојба . Дали ние овде сега сме во некоја вонредна состојба па мора да форсираме полноќно работење, утринско работење и т.н. и да се обвинува друг дека не е буден, не е на стража дека не сака да работи и т.н. Еве ние Либералната партија работевме дури и на големиот христијански празник Свети Јован Крстител пристанавме многу од наши пратеници да ги прекршат своите религиозни начела односно тој празник како што Ви е познато православен и христијански на тој ден е предвидено народски кажано да не се караат пратениците, меѓутоа ние и голем дел од пратениците не само од Либерална партија им беше ускратено да го прослават овој празник би- дејки на тој христијански, односно православен празник работеа до еден часот по полноќ.

Што се однесува до самиот закон, законот претставува еден обид да се решат некои дилеми и проблеми, односно да се реша некои односи за чие решавање идеа постоела 20 до 30 години во Скопје. И во тој смисол е добар како обид. И некои решенија во него се навистина добри, односно добра основа , меѓутоа сигурно ќе треба да се доработуваат. Имено се јавија две дилеми. Првата дилема што ја кажа ме и во изминатата расправа , дали Скопје може и треба да има општини. Од Уставот, од законот за локална самоуправа и од корпусот на другте. закони испадна дека Скопје треба да има општини како што ги нарековме така наречени квартни општини и доколку би било Скопје една општина со 500 илјади жители тогаш би биле во тотален пак друг апсурд бидејќи имаме општини со 200,300 илјади до 2 илјади жители, а да имаме една голема општина. Тука исто така е направен еден обид да се разграничи

надлежностите помеѓу градот и општините што досега беше голема прека односно голем камен пречник бидејќи настануваа извесни конфузии и недоречености. Се тргна од принципот при изработка на овој закон дека постојат повеќе ситеми на главни градови односно големи градови, постојат градови како што овде Скопје сега како што ќе стане со таканаречени квартни општини . Постојат градови со прстенасти општини кругови, постојат дури и градови на делови, постојат и градови каде што е двостепена локална самоуправа и т.н. Меѓутоа ние знаеме дека Уставот наш не дозволува и од тоа се тргна дека е тој концепт најдобар и сега засега веројатно е исправен бидејќи со тоа ќе се приближи и во Скопје локалната самоуправа, ќе може делумно да ги остваруваат своите права во општината, а другите права во градот. Меѓутоа овде како и во другите закони од закон во закон јас кажав повторно се деградира месната заедница. Никаде ни збор,два за таа месна заедница. Не знам што им пречи на предлагачите оваа уставна категорија која што е ставена и во законот за локална самоуправа да биде прескокната и да ја нема никаде и покрај бројните реагиран»а на месните заедници кое што мора да функционира и покрај постоен»е на општината и на градот во Скопје и каде што граѓаните ќе остваруваат делумно свои права не се спомнуваат. Исто така, беше прифатен еден концепт бидејќи не можеме да имаме двостепена локална самоуправа еден концепт да одредени надлежности кои се од витално значење на градот да бидат во надлежност на градот, а други на општините со што би се овозможило поефикасно вршење на решавање урбани и комунални проблеми на град Скопје. Дел од тие решенија се веќе дадени во претходниот закон така што мора да се препишат во овој закон. Меѓутоа еден дел останува да се решат. Се тргна од принципот дека условно кажано главните улици ќе

бидат во надлежност на градот, овде се наречени магистрални и собирни ,а споредните сервисни и станбени на општините. Тоа е само донекаде добро , прашаше е само дали со оваа поделба може да се реши бидејќи постојат и некои сервисни и стамени улици меѓутоа, поголемо значење за градот и за општината, а со оглед на ова што го кажаа и претходните дискутанти на начинот на кој се распределуваат средства поголем дел одат таму . Мислам дека еден дел од тие сервисни, станбени улици би требал да помине во градот. Исто така таа целина на Скопје мора да се третира и мора тие објекти  како што беше кажано водоводи и т.н. не можат да бидат на општините било да се во градското подрачје, или вон градско подрачје од повеќе причини, бидејќи тие претставуваат една целина и тука е кажано може и појасно, меѓутоа за некои се подразбира, за некои не, дека ВОДОВОЈ и такви други објекти се една целина и по примарна и по секундарна мрежа и не се работи дека се ускратува на граѓаните некое подрачје да управуваат, односно да ја користат таа вода. Се работи за едни единствени системи како што е овде водовод , меѓутоа и за други слични инфраструктурни објекти тоа се однесува, се работи за градскиот сообраќај и т.н. и тоа не може да се прекине од една општина во друга и мора да преставува една целина и мора да биде под надлежноста на градот, а никако на градската општина, или пак на овие периферни општини.

Во поглед на средства, распределба на средства јас многу ен би зборувал бидејќи постојат и порано постоеја дилеми и сукоби и можеби не се овие решенија идеални  секако ќе треба да се надградуваат, меѓутоа едно полазно решение, праксата ќе покаже какво е и дали треба да се корегира и дали треба на сметка на градот, или пак на општините

да се направи отстапка, односно средствата да бидат повеќе во општината , или повеќе во градот. Во секој случај јас сметам исто така е направен еден пропуст бидејќи некои витални објекти за кои што граѓаните на градот Скопје издвојуваа средства по оној референдум односно со самопридонес и бројни спортски, културни и други објекти беа изградени пред се со средства на граѓаните на Скопје. Тие останаа вон границите на град Скопје така што не управува градот со нив и тоа е навистина по мене несватливо како што овде е направено со водоводите, би требало и со такви објекти да се направи да бидат под надлежноста на градот и градот да може да управува со нив бидејќи граѓаните на градот Скопје сите граѓани издвојувале. Испаѓа дека ќе управува само оној дел кои што се надвор од градскиот појас и во тој поглед да бидат привилегирани. Во поглед на некои други работи кои се кажани јас не би зборувал многу туку има амандмани, некој работи се испуштени треба да се дадат како што е отстранување на животни скитници бидејќи ова е камен темелник исто така на спорот помеѓу Министерството за урбанизам, Министерството аз земјоделие и Градско Собрание кој треба да ги отстрани и не е децидно кажано од кои средства исто така и остануваме со една празнина во Скопје, односно не редовно и не квалитетно се отстрануваат овие животни.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ**: (продолжение)

На пример како во поглед на Депонијата Дризла како што е направено е дадена на управување на Град Скопје. Така требало да биде и со некои други објекти што ги кажав, од проста причина што Градот Скопје мора да управува со таа депонија и мора автономно да управува не само со јавното претпријатие како што е Дризла, туку и со другите јавни претпријатија. И со овој закон ако конечно профункционира, може тој ќе профункционира а да не профункционираат јавните претпријатија до локалните избори не знам, меѓутоа овој закон ќе му даде право на градот автономно да ги разрешува состојбите. Бидејќи сега имаме условно кажано квази спор меѓу јавното претпријатие Комунална хигиена во Скопје и ЈП Дризла. Во законот е јасно кажано дека и двете се под директива на градот и нема што да се договараат меѓу себе ЈП со ЈП, туку може да добиваат само налози од основачот. И се надевам дека со ова конечно веќе ќе се спроведе решението на многуте инспекции, на многуте министерства за затворање за затворање на депонијата Вардариште и конечно ќе можат да здивнат жителите на еден голем дел на град Скопје кој што го очекуваат тоа. Како што кажав неколку пати девет пратенички прашања беа поставени овде во врска со затворањето на депонијата Вардариште и сеуште не е одговорено и се надеваме во таа смисла дека овој закон ќе направи некое подобрување.

И на крајот јас само би кажал дека покрај сите напори што се направени да се решат некои проблеми, а верувам дека ќе се решат сметам дека е добро што сега градот е стеснет условно кажано бидејќи вчера беа изгласани нови општини. Јас не знам дали во општината Горче Петров и во Шуто Оризари постоела волја на граѓаните да бидат вон градско подрачје, тоа не можам да го кажам, меѓутоа, можам да тврдам дека е добро во Законот за територијална поделба бидејќи е

испочитувана волјата на 99% на жителите на населбата и селото Драчево кои што сакаа да гравитираат кон градот и се во градско подрачје. И вака стеснет градот мислам ќе може поефикасно да си ги решава проблемите на оние подрачја кои што останаа и покрај тоа што им беше ускратено правото на граѓаните на Скопје да го кажат својот прав избор по овој закон.

Покрај сите овие напори, на крајот сакам да кажам, сепак сметам дека граѓаните на Скопје и граѓаните на скопските општини заслужуваат подобар закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мерсил Биљали.

**МИЕРСИЛ БИЉАЛИ:**

Не е тука присутен министерот зошто сакав да го убедам за нешто.

Г-дине претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата. Мора да кажеме дека ние како држава не сме иноватор во тоа да донесуваме посебен закон за главниот град. Ова веќе е долга традиција особено во западните земји да се донесуваат посебни закони за главните градови и големите градови, од причина што тие претставуваат единствена и една целина и тоа просторно урбана, економска политичка и еколошка целина. Таа објективност и таа реалност бара и правна регулатива, правно покритие и исто така импонира за тоа прашање да се изнајде правен режим. Ова се предвидува и во Уставот на РМ, како и во Законот за локална самоуправа, посебно Законот кој што го дефинира градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа каде што граѓаните учествуваат во одлучувањето за заедничките потреби и интереси од повеќе области во областа на урбанизмот културата, основното образование, примарното здравство и тн.

И второ, Скопје се дефинира како единствена, просторна урбана, економска, политичка и еколошка целина. Јас тука ќе го изнесам своето мислење во однос на неколку прашања за кои сметам дека се прашања од витално значење и од правен и практичен аспект.

Прво, членот 6 настојува такстативно да ги наброи надлежностите што спаѓаат во надлежност на град Скопје. Сметам дека тие надлежности кои се такстативно наброени се препишани од Законот за локална самоуправа односно член 17 став 1 кои се сметаат за изворни надлежности на локалната самоуправа односно општините или градовите.

Повеќе од 32 точки што се такстативно наброени во член 1" став 1 од Законот за локалната самоуправа, практично според предлогот што се нуди веќе не може да се смета дека се во надлежност на општините што се во состав на градот Скопје. Тие арбитрарно се преземаат дури би рекол и неуставно се преземаат од градовите односно од општините што се составни единици на градот Скопје и се преземаат како надлежности на градот Скопје. Освен две три надлежности каде што се предвидува заедничко одлучување, согласност и тн.

И јас се прашувам? Што всушност ќе работат тие лица од- носно вработените кои што ќе бидат ангажирани во рамките на општините односно единиците на локалната самоуправа кои се во состав на градот Скопје. Зошто сметам дека оваа определба која што стои во членот 6 на Предлогот е спротивна на законот за локална самоуправа. Откако внимателно се прочита став 2 на член 17 од Законот за локална самоуправа, тогаш може да констатираме дека стои ова што се наведува Односно во ставот 2 од Законот за локална самоуправа член 17 стои ова: Дека надлежностите предвидени од став 1 на член 17 ги имаат и општините на градот Скопје освен оние надлежности кои со закон се предвидува да се стават во рамките на градот Скопје. Со самиот факт што стои освен, по секоја логика која наведува дека мнозинството од

такстативно наброените надлежности во ставот 2 на член 17 треба да им припаднат на општините а не на градот* А само исклучоците би требало да се сметаат за надлежности на градот Скопје. Овде ми се чини дека е обратно.

Понатаму, врз такви основи, според мое мислење, би требало да се уредат односите помеѓу општините во состав на градот и органите на градот Скопје? Ако се анализираат повеќе закони на повеќе држави, може да се констатира дека односите меѓу општините што се во состав на градот и органите на градот би требало да се уредат врз основа на верификација на заедничките акти , врз основа на двојно одлучување, врз основа на координација, соработка, предлагање на мерки, иницијативи, санкции и тн.

И постои мислење дека ако така се уредат односите како што јас предлагам тоа може да доведе до блокада во меѓусебните однос општини - органи на градот. Мислам дека тоа не стои, од причина што како пример може да ни послужи градот Брисел кој се состои од 19 општини, а сите односи меѓу општините и градот се уредени врз тие начела со верификација, двојно одлучување, потврдување на актите, соработка иницијативи и тн. Тоа перфектно функционира. Свесни сме дека Скопје не е Брисел, а скопјаните. не се белгијанци. Меѓутоа, ние ќе мора да се држиме и да тргнеме кон тие патишта.

Второ што сметам дека е важно, имено вака како што е конципиран предлогот за градот Скопје, овозможува да постојат две категории на граѓани. Првата категорија на граѓани се тие граѓани кои имаат право на непосредно и директно одлучување за работите што се надлежност на единицата на локалната самоуправа. А втората категорија се граѓаните кои немаат објективна, без оглед што имаат формално право да учествуваат во одлучуваше, меѓутоа објективно погледнат затоа што градот Скопје е голем град, значи тие нема да имаат такво право

односно непосредно право да учествуваат во одлучувањето по прашањата кои што се сметаат да припаѓаат во надлежност на општината. Значи, првите граѓани би биле сите граѓани надвор од Скопје кои имаат право и можност непосредно и посредно да одлучуваат во решавањето по тие прашања, а втората категорија се граѓаните од С&опје на кои објективно им е овозможено само преку посредничката демократија односно посредничкото одлучување, иако формално се пред видуваат, референдуми, јавни собири, самиот факт што градот Скопје е голем град тоа е скоро неизводливо. Значи има категорија на граѓани на која и се скратува правото на непосредно одлучување по прашањата што се во надлежност на локалната единица и тоа се граѓаните од градот Скопје. Сите имаат декларативно право и формално, и зошто сметам дека имаат декларативно право. Тоа го сметам од овие причини Во Предлогот тие имаат право на граѓански иницијативи, на собири, референдуми, дури и за задолжително свикување на собир, процентот е помал во однос на другите општини надвор од градот Скопје. Таму о предвидува ми се чини процент 10% а овде 7% од избирачите. За референдум да му се предвидува 20% а овде 15% што е добро. Меѓутоа, се поставува прашање како е можно да се соберат 15% од потписите за задолжително распишување на референдум на еден град кој што има повеќе стотици илјади жители. Тоа е неизводливо, неостварливо. Јас не знам тоа на кој начин е изводливо, а се знае дека постапката за собирање на потписи за референдум не е едноставна . И да се собираат тие потписи за одреден предлог било за референдум или за собир, на пример за собирот дали има логика да се свикува собир во рамките на градот Скопје и како тоа ќе се изведе, каде ќе се собираат на стадионот - 200-300 граѓани. И еден ќе држи политички говор? Мислам дека тоа не е целта. Граѓаните треба да одлучуваат за нивните витални интереси што

се во надлежност на локалната самоуправа. Како тие ќе дискутираат и како ќе дојдат на ред за дискусија, како ќе се договорат, како ќе гласаат. Значи во практиката тоа е неостварливо. А референдумот можеби ќе биде редок случај за тоа дали да се воведе метро или трамвај во Скопје и сл. а не е целта и духот на Уставот само за ретки прашања да се распишува референдум туку и за секојдневните работи и прашања . Во рамките на градот Скопје јас не гледа можност тоа да се оствари. Затоа од предлагачот очекувам да каже меѓутоа, граѓаните учествуваат во одлучувањето било по пат на собир или референдум во своите општини, но што ако општините ги немаат надлежностите, во тој случај за што граѓаните ќе одлучуваат. Тие надлежности веќе се во рамките на градот Скопје.

Затоа мое мислење е а јас имам поднесено и неколку амандмани за да се ублажи , а не да се реши зашто тоа е многу комплицирано. За градот Скопје можеби е пообјективно и пореално да се овозможи повеќе посредничкото одлучување. А директното одлучување да биде прашање што ќе се уреди односно што ќе спаѓа во надлежност на општините во состав на градот Скопје. Тоа пак да биде остварливо сигурно повеќето од тие надлежности што се во член 6 од Предлогот на законот да бидат префрлени како надлежности на општините на градот Скопје.

Сето што е важно, вака како што е конципиран законот може многу лесно да доведе до спорови меѓу општините во состав на градот и органите на градот Скопје. Тоа од причина, што еве на пример една од тие точки предвидува дека градот Скопје ги определува имињата на улиците, плоштадите, мостовите и тн. и сега тука на Законот за локална самоуправа ќе се повикаат и општините, секој ќе каже дека ставот 2 на член 17 од Законот за локална самоуправа содржи освен тие надлежности што спаѓаат на градот Скопје уредени со закон и тоа тој што

сака да задржи едно право, секогаш ќе има правно покритие или ќе настојува да докаже дека има правно покритие. Практично тоа ќе заврши пред другите инстанци што ќе прават дополнителни компликации и трошоци. Негде пишува или се изјавува дека вака како што е и како е предвидено во Законот практично се воведува двостепеност на локалната самоуправа. Мислам дека тоа не стои бидејќи се работи за ист квантум на надлежности предвидени и со Уставот, а тука практично значи тој квантум на надлежности само се дели помеѓу градот Скопје и општините, каде што мнозинството од тие надлежности му припаѓаат на градот. Мислам дека одделен дел од амандманите ќе бидат прифатени од тој аспект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и министри,

Долги години во минатиот период постоеше еден антагонизам меѓу општините и градот Скопје. Мислам дека овој закон дефинитивно треба да ги нормира и да ги расчисти сметките, така да речам и надлежностите кои придонесуваат секој пат општините да не соработуваат со градот.

Читајќи го Законот, констатирав а бидејќи тој е упатен и на Законот за локална самоуправа дека прави напор тие надлежности прецизно да ги дефинира и дефинитивно секој градоначалник во градот Скопје си е знае својата работа, па си ги знае своите надлежности и во рамките на тоа да биде успешен или неуспешен за својот мандат.

Законот како што напоменува креаторот и известителот најавува компатибилност на Законот со Европската поделба за локална самоуправа и мислам дека таа компатибилност е постигната во голем дел од законот, а исто така упатува на висок степен на автономност во

извршувањето на изборните надлежности на општината. Е, тука малку треба да поразговараме и јас имам неколку забелешки кои што забелешки ќе ги преточам преку амандмани. Тие амандмани ќе бидат презентирани и ќе ги бранам.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ: (**Продолжение)

Мислам дека сите жители на Македонија ги засега се што се случува во градот Скопје на било кој начин. Уставот по мене како рамка ме ограничи да имаме некои други решенија за градот Скопје. Јас ќе си го кажам своето мислење, доколку не беше таа уставна рамка таа што е, доколку уставот не не вклучуваше во тоа градот Скопје требаше да биде поделен на толку општини колку што се предвидени, а градоначалникот на Скопје да биде протоколарна и симболична личност кој што ќе се претставува како градоначалник со градски совет и кој ќе има ресор врз сите цели во градот. А тогаш сите општини ќе имаат територија за кој ќе разговара секој за својот дел и ќе бидат успешни како што кажа Гоцевски, толку колку што нивната е уредена, чиста и средена. Но да не должам, сега би бил поконкретен би кажал дека се залагам со своите амандмани делот или средствата кој се делат од 50 на 50 измеѓу општините и градот, односно 40 во општините што значи 10% од приходите да бидат користени во општините. Ова го поткрепувам со амандман каде што надлежностите на градот во врска со одржување на улици го сведувам на градот, само на магистралните улици. Како што знаете сите градот Скопје има доста магистрални улици, односно булевари и тој е доволен број на километри за кој тие имаат доволно работа тоа да го средат. Да не ги земат како што е во Законот и сервисните улици, а на општините ќе им остават некои училишна кои се од паркинг плац до некоја зграда. Значи предлагам во интерес на таа определба која ја посочувам према општините, а и надлежностите на општините ги зголемувам со тоа што и во надлежност ги префрлуваме улиците, сервисните улици и овие улички и околу зградите и кога се работи за површини под трева, хортикултура и тн. Тогаш ако го имаме тоа така разграничено, можеме да кажеме дека секој граѓанин со прст може да каже дека градоначалникот на Скопје е крив затоа што булеварот Јане Сандански не е добро осветлен, не е

добро отревен, дека тревата или паркот не е во ред и не е добро очистен. А додека за сите други улици е одговорен за таа општина претседателот односно градоначалникот. И тогаш ќе знаеме кој е тој градоначалник, дали води грижа или не. Значи со своите амандмани ќе се заложам во сите тие сфери за осветлување на градот, за патиштата, за улиците и за хортикултурата поголемиот дел од одговорноста и уредувањето да го преземат општината. Со тоа ова го поткрепува фактот во распределбата општините во градо да земат поголем дел од средствата кои се предвидени за тоа.

Второ, досега имавме договарање со градот каде што ние како општини дававме мислења за многу деликатни теми околу уредувањето на градежното земјиште, или било која друга проблематика и ние дававме мислење. И тоа мислење во практиката вака се состоеше. Три дена пред Собранието на градот Скопје да има заседание ќе побараат мислење што имаме ние мислење во врска со тоа и тоа, а битен проблем и ние ќе дадеме мислење дека тоа така и така треба да се реши и тоа мислење тие ќе го добијат само како форма и не постапуваат. Во овој амандман кој ќе го предложам барам да се бара согласност од општините, општините да дадат согласност за остварување на заедничката цел заедно со градот. Ова во никој случај каде што е прецизирана недвижноста нема да ја успори и не сакам некој да ме оспорува дека тука ќе се закочи процесот на одлучувањето.

Во Законот во еден дел се испуштени населените места и тоа во еден амандман јас го имам прецизирано покрај тоа што ние се грижиме односно општините се грижат за светлото, улиците, и други проблеми кои ги тангираат граѓаните, дека населените места се тие кои имаат улици и за кој треба локалната самоуправа да се грижи.

На крајот ќе речам беше речено, не сакам да се повторувам треба да се направи усогласување околу актите кои треба да ги носи општината и градот и тие да бидат на еднаков начин во исто време

донесени бидејќи градот Скопје со општините претставува една целина и мислам дека во тој поглед треба да се оди единствено.

На крајот сакам да го изразам задоволството за новите општини што вчера беше донесен законот за територијална поделба во Македонија, а посебно во градот Скопје за новата општина Горче Петров и Шуто Оризари да им посакам се најубаво на граѓаните и мислам дека ќе придонесат да си го подобрат животот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почесто на говорницата се зборува, како за законот за територијална поделба, а исто и за законот за градот Скопје, дека овие законски проекти треба да се донесат со двотретинско мнозинство. Јас во таа насока сакам да кажам неколку мои видувања. Ако нешто се тврди, треба и да се докаже. Ние тука на говорницата дозволуваме и гласно да се размислува. Поаѓајќи од одредбите на Уставот на Република Македонија во петтото начело каде уставот во суштина ја дефинира локалната самоуправа, според мене Уставот разликува два вида на закони кој треба да бидат донесени за да се конституира локалната самоуправа. Едниот е материјалните закони, а другиот е организационите закони. Поаѓајќи од членот 114, каде во суштина Уставот повикува да се донесе материјален закон и во последниот став утврдува локалната самоуправа да се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници. Тоа значи дека Уставот тука ја утврдил формалната процедура на донесувањето на законскиот проект и одлуката на Собранието како ќе ја донесе.

Понатаму, поаѓајќи од членот 116, каде во суштина станува збор за донесување на закон организационен, тоа е територијалната поделба на

Републиката и по подрачјето на општините се утврдува со закон. Тоа значи дека ние треба да донесеме закон со кој во суштина ги утврдиме единиците на локалната самоуправа.

Во тој контекст поаѓајќи од членот 117 каде што се. кажува дека градот Скопје со посебна единица на локална самоуправа чија организација се уредува со закон. Тоа значи дека тука Уставот единствено што не ни дозволил тоа е да ние со закон да утврдиме единица на локална самоуправа градот Скопје, туку тој го утврдил. А единствено што ни оставил слободно со закон да го уредиме тоа е градот Скоп: е посебна единица на локална самоуправа чија организација се уредува со закон. И споредувајќи ја номотехниката на членот 117 во врска со членот 115, во логиката на членот 9 од Уставот каде што кажува дека сите граѓани се еднакви пред Уставот и законите во Република Македонија, потполно истаномотехника и исти права им дал, како на единиците на локална самоуправа, така и на градот Скопје. Ниту малку повеќе ниту малку помалку. И по таа логика во членот 2 од Законот за локална самоуправа не случајно ја употребил техниката тотал или глобал, кога рекол дека сите одредби од Законот за локална самоуправа ќе се однесуваат и за граѓаните во единицата на градот Скопје.

Од тие причини сметаме дека тука станува збор за еден организационен закон кој дефакто Собранието треба да го донесе.

ВО врска со членот 69 каде го цитирам Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број пратеници, собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

Читајќи го членот 114 за Законот за локална самоуправа. Уставот утврдил точно двотретинско мнозинство, а додека за членот 116 од

Законот за територијална поделба и за членот 117 став 1 кај што кажува градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа чија организација се уредува со закон. Тоа значи дека Уставот не побарал тој закон да се донесе со двотретинско мнозинство. И оттука ништо не е спорно, ниту недоречено во Уставот. Членот 69 дефакто го решил случајот како тој закон ќе се донесе, а тој закон ќе се донесе со просто мнозинство.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, имајќи го предвид фактот дека градот Скопје има третман на посебна единица на локална самоуправа, во одредена мера се разликуваат моите размислувања по однос на тоа како треба да изгледа организацијата на градот Скопје, односно спроведувањето на локалната самоуправа и реализацијата на локалните интереси на граѓаните во градот Скопје.

Имено, во голема мера предлагачот на законот со објаснувањето кое што го даде ме предухитри до тоа што го даде што сакам да го кажам околу концепциските погледи во однос на тоа како треба да се организира градот Скопје, односно кои надлежности треба да ги има освен тие предвидени со Законот за локална самоуправа. Во оваа смисла можам да истакнам дека жалам што предлагачот на Законот не направил дополнителни напори да определи одреден број на области во кои што би делегирал одреден број на надлежности на градот Скопје, како посебна единица на локална самоуправа.

Во оваа смисла сметам дека предлагачот на законот при размислувањата кој што ќе ги има околу тоа кој надлежности ќе ги делегира на градот Скопје, обавезно треба да се позанимава и со тоа кој други надлежности треба да ги делегира на другите градови односно општини, што исто така се разликуваат од некои општини по однос на урбанизацијата, структурата,можностите кои што ги има и истовремено и

на другите општини кои се разликуваат по големина, по важност, по карактеристики, разни да им делегира одредени други надлежности.

Во оваа смисла сметам дека предлагачот на законот односно Владата треба да обрне доследно внимание за да го надополни овој предлог со други содржини кој ќе ги има градот.

Што се однесува до соработката која што се промовира во односот на градот со општините, сметам дека предлагачот на законот исто така треба да промовира одредена соработка помеѓу градот и општините кои што произлегуваат од градот, бидејќи добар дел од надлежностите што ќе ги има градот, односно институциите административните центри, а и некои други содржини како што се сообраќајни, депонирање на смет, водоснабдување и други потреби на граѓаните ќе бидат ориентирани во општините во градот Скопје или во самиот град Скопје. ВО овој поглед сметам дека предлагачот на законот треба да обрне должно внимание на овие состојби кои што ќе влијаат врз позицијата на граѓаните кои што се издвојуваат од градот Скопје на нивните потреби што ќе ги има кон градот Скопје.

Понатаму што се однесува до самите надлежности, сметам дека предлагачот на законот требало да направи дополнителен напор некои од овие надлежности кои што се дадени на градот Скопје, а кој што по број ги има 29, односно 28, сметам дека некои од нив требало да ги додели на општините а за некои од нив да важи правото и општините да можат истите надлежности да ги вршат. На пример, тоа е прашањето поврзано со членот 9 уредувањето и организирањето на снабдувањето со вода,иако некои размислувања кој што предлагачот на законот ги изнесе, за мене лично се прифатливи и се надевам дека што побрзо ќе бидат преточени со конкретни чекори што Владата, односно министерствата ќе ги преземат.

Понатаму членот 10 н прашањето на депонирањето на сметот не би требало да се остави само во рамките на општините и градот Скопје, туку одредени надлежности да им се овозможат на општините кои што произлегуваат од градот Скопје. Да не се случи тие општини да создаваат нови депонии што самиот град уште додатно ќе се стави во непријатна ситуација, доколку се разбира не им се овозможи пристап во депониите кои што ќе ги определи градот Скопје. Во членот 15 кад« што се определува превозот во градскиот и меѓуопштинскиот сообраќај сметам дека во овој преоден период додека не заживеат општините,, додека не заживее сообраќајот во овие нови општини не би требало да се дозволи самоволно укинување на линии и несоодветен третман на граѓаните од овие општини кој што ќе се издвојат и во оваа смисла соодветна надлежност и на општините односно влијание нивно врз сообраќајното претпријатие, односно сообраќајните претпријатија кој што ќе вршат соодветни надлежности.

Исто така, имам голема забелешка на предлагачот на законот во однос на одржувањето, користењето на јавните пазари. Имајќи предвид дека предлагачот на законот се определил за решение во кое што надлежност на градот востановил само на пазарите во општина центар. Бит Пазар, Зелен Пазар и Буњаковец. Навистина ова е малку неразбирливо барем за мене сите други општини да располагаат со своите пазари, а општина Центар да не може да располага ниту со еден пазар.

Јас имам еден амандман со кој предлагам оваа ситуација да се ублажи во голема мера, но ако ништо друго би сакал да ми се одговори дали е тоа можно или пак и општината Центар барем да се вклучи во уредувањето и одржувањето и користењето на овие пазари бидејќи се наоѓа на нејзиното подрачје тоа да го прави заедно со градот Скопје. Мислам дека доколку не се прифати ова што според мене е многу

логично граѓаните од општината Центар односно самата општина Центар ќе се стави во многу нерамноправна положба.

Понатаму уредувањето и користењето на јавните паркиралишта. Сметам дека треба да биде во исклучителна надлежност на општините од Градот Скопје а не на градот, бидејќи таа според мене е една типична општинска функција, кое според мене би требало дури и да се појача со една одредба, според која државата ќе и делегира и право да може да ги расчистува просторите од непрописно паркираните или оставени возила и други објекти, а не тоа да се остави на градот. На тој начин сметам дека многу поефикасно ќе се врши оваа функција во рамките на самите општини. Тоа го поткрепувам и со тоа дека и во моментот состојбата со паркирањето и со другите попратни функции и со одржувањето околу паркиралиштата, не е на задоволително ниво, и дека би требало да се прифатат соодветни измени во оваа сфера.

Во доменот на тие прашања кои што исклучително се дадени во надлежност на градот, а сметам дека нема никаква причина да биде само така се и прашањата покренати во членовите 21,22 и 23, односно 22,23 и 24, затоа што има мала грешка во нумерацијата, околу покренувањето иницијатива, давање мислења и предлози за развој на мрежата на установи од областа на културата, спортот, социјалната и детската заштита, сметам дека никако не може да се оправда една општина да не може да покренува иницијатива за развој на мрежата кога таква иницијатива сметам дека е иманентна и за граѓаните кои што живеат во тие подрачја, а не за една општина, која што исто така сметам дека би требало да го ужива тоа право.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Во член 22, поттикнувањето и создавањето услови за развој и работа на занаетчиството, туризмот и угостителството и исто така сметам дека треба да биде надлежност која што и општините би можеле да^ја вршат дали да подготват дело во координација,но во секој случај не би требало да им се ускрати правото и тие да се обидуваат да поттикнуваат да создаваат услови за развој и работа на овие дејности(занаетчиството, туризмот и угостителството.)

Одредени работи од областа на  цивилната заштита и во овој момент се вршат во општината така што оваа одредба исто така мора да претрпи измени соодветни за да не дојде во колизија со законот за цивилна заштита кој што е усвоен и според кој што општините остваруваат од него: одредени надлежности. Според тоа би требало соодветни одредени измени.

Во донесувањето на генералниот урбанистички план предвид дени во член 7 , кој што се донесува во согласност до државниот орган сметам дека би било пожелно и општините да можат да дадат свое мислење, што е акт кој што не е обврзувачки, но во секој случај би ги изразувал и погледите на општините по однос на тоа како треба да се уредува просторот.

Секако точката 2 од член 7 став 1 каде што понатаму во согласност со закон градот може да финансира опремување односно одржување на уставнови исто така би требало да се овозможи и општините во градот Скопје истата надлежност да ја имаат, доколку се разбира имаат финансиска моќ, доколку имаат интерес за тоа. Се разбира сето тоа во согласност со закон и во согласност со тоа што ќе бидат стандарди и други работи. Мислам дека тоа право не би требало во никој случај да им се скрати на општините.

VI/2.-

Исто така, барам дополнително објаснување од предлагачот на законот дали доредбата да можат да бидат избрани само 25 члена во Советот на град Скопје се извлекува од законот за локална самоуправа, па се смета дека е тоа ограничување кое што не дозволува да се избираат': повеќе. Но во секој случај јас сметам дека треба да се има во предвид последниот став на градот Скопје и како таков посебен да се одреди поинаков број отколку што е определен. Сметам дека број 25 избрани членови на Советот е премногу мал за градот Скопје и во оваа насока упатувам да се размисли за зголемување на бројот доколку предлагачот на законот не е убеден дека тоа од оправдани законски или не знам каков други причини не може да се направи. Но, уште еднаш обрнувам внимание дека бројот 25 е исклучително мал и дека би требало да се најде начин да се зголеми тој број, за да може по адекватно. посоодветно да бидат покриени сите интереси на разните населби од градот Скопје. Јас видов дека има и амандман , главниот архитект дава позитивно, доколку не даде позитивно мислеше не можат да се носат детални урбанистички планови од страна на општините.

Доколку дојде со спор што се случува. Дали тоа значи дека не може да се носи урбанистички план и дека замира целата постапка. Сметам дека такво нешто треба да се предвиди од предлагачот односно да не биде мислењето на главниот архитект пречка која што ќе го попречи донесувањето на деталниот урбанистички план затоа што во таков случај главниот архитект се става над Советот што сметам дека е и противстава и протлогиката на постоењето на Советот на овие прашања.

За одреден број прашања што истакна имам предложено и соодветни амандмани се надевам дека со чие прифаќање ќе се подобри во значителна мерка овој предлог на закон и со самото тоа ќе се

избегнат некои несакани ситуации кои што би можело да настанат со донесувањето на овој закон во оваа форма.,

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дин -претседателе, почитувани колеги,

Ние во размислувањето за овој закон повеќе бевме организирани кон начелна расправа, мислам дека е и тоа добро иако сега се во состојба малку тоа и да го операционализираме, па да видиме како тоа на некој начин да се надгради евентуално некоја идеа која имаме.

Прво прашање. кое ми се поставува во врска со концепцијата во законот во целина е тоа што и г-динот министер се обиде да го образложи со одредена логична функционалност која што во таков концепт е содржана Мене нешто друго ме става во дилема можеби до крај да излезе критика дефиницијата дека Скопје останувам во целост кај сите свои функции на ниво во градот како еден степен вид на управување на локално ниво и дали е тоа во онаа тесна смисла на зборот како што се општините други, навистина таков вид локална самоуправа.

Главен град во сите видови е сложена заедница како сакаме да ја дефинираме, и овде има паралелно двата атрибута. И како заедница која на оргинарен начин има доредени овластувања и како заедница на која поради потребите општи, државни и се пренесуваат некои надлежности од страна на државата и како заедница која обединува сите заедници во рамките на својата целина тоа значи општините.

Сеедно како да ги наречеме, дефинираме она паралелно сит« тие три функции објективно по самиот свој статис, положба, снага, кондиција со која располага објективно ќе ги врши. Според тоа мене ми се поставува прашањето и во врска со член 2 и член 3.

Прво, дека е тоа една целина во која се кажува не сам просторна, урбана, економска и политичка целина. Значи во таа политичка целина он врши и одредено организационо, политичко организирање и координирање во рамките на Градот.

Втората дилема е во врска со оваа функција во член 3 што значи целата содржина на законот дека градот Скопје ги врши своите функции во соработка со општините. Во кои функционални. делови на својата функција он е со ординарни изворни функции а во кој и он се јавува заедно со функциите што ги имаат општините по другиот закон, после општиот закон за локална самоуправа он е обединитен односно не координатор, во смисла туку во координатор кој врши во согласност со општините заеднички обврски.

Мислам дека тоа би ни било добро сега евентуално само да го ставиме како еден прилог на нашето размислување, а евентуалното негово ефектуирање да остане и во наредниот период кога ќе се види како во пракса тоа ќе се појави како задача односно како проблем. Но останува таа релација како нерасчистена во самите односи.

Наредно начелно прашање ми се поставува во врска со член 5. Што е основа, а што е последица во член 5. Дали во вршењето на заедничките работи Скопје формира заеднички служби, органи и организации. Јавни претпријатија итн. и заради тоа здружува средства или здружува средства за да би можел да формира јавни организации, служби и органи. Мислам дека градот Скопје, има и во делот каде што се функциите дека формира органи за вршење на заеднички служби и дека он тие служби како оргинерна своја функција и има за формирање, а за таа цел и здружува средства. Предлагам инверзија на оваа дефиниција за да се добие права цел дека градот Скопје има органи, организации и служби за вршење на заеднички работи и за таа цел он здружува средства односно и добива средства, како што со друг член вели.

Второ прашање, во самиот член 5 е. Он сите овие служби би ги формирал со општините од неговите подрачја. Со општините ги формира од неговите подрачја. Јас мислам дека не е доволно јасно бидејќи градот Скопје ќе има и органи независно од општините. Како свој. Градски органи на градот Скопје. Па би молел за допрецизирање на тој член.

Што се однесува до членот 6 јас би се придружил кон оние барања овде поблиску да се каже кои работи во функциите што ги врши град Скопје ги прави во договор со општините. Таму е кажано само за просторното регулирање изрично се спомнати, а реков дека член 3 друго кажува како дефиниција за вршење на функцијата на град Скопје. Би молел тоа на некој начин да се доведе во склад за да не дојде до противречности самите односи помеѓу градот и општините.

Во врска со членот 7 предлагам да се каже и за правото и обврската на град Скопје како главен град на Републиката за да воспоставува контакти, врски со другите главни градови на другите држави и во договор со државните органи да врши и други меѓународни и протоколарни функции. Тоа поправило важи за сите главни градови а тоа единствено може да се регулира и треба да се регулира со закон Тоа и член 117 точка 5 го бара од нас.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри,

Прво би сакал да го кажам своето мислеше дека законот го оценувам во основа како добар, едноставен и јасен што мислам дека е еден од поретките закони што го гледаме во таква форма во овој Парламент. се разбора дека од грото на амандмани што се доставени јас лично мислам дека за некој треба позитивно да се изјасниме затоа што ке дојде до уште поголемо подобрување на текстот.

VI/6.-

Размислувајќи за тоа како мислење самиот градам по овој закон и што во суштина барам од тој закон и слушајќи ги дискутантите досега дојдов до едно сознание кое мислам дека и мене ме оптеретува а мислам се повеќе во расправата, па дури и во самиот закон на извесен начин се оптеретува концептот од неколку наши одлуки.

Прво,мислам дека законот е веќе оптеретен од негативно оптеретен по моја оценка, вчера донесената одлука на Парламентот да градот Скопје се состои од седум општини. Мислам дека тоа веќе го оптоварува концептот, но од друга страна пак вчера донесената одлука да во градот Скопје како административна единица не спаѓаат приближно околу 100 населени места, кои се издоија во посебни општини, далеку повеќе отколку ова што го опреретува концептот го олеснува концептот на функционирањето и ефикасноста на функционирањето на градот Скопје. Мислам дека тоа е една работа која сепак оди во корист на функционирањето на градот Скопје.

Исто така, мислам дека дел од законот па дури и амандманите и дискусиите, па на крај на краиштата и мојата лична одлука ќе се носи во овој момент под притисок на две актуелни состојби во градот.

Правата состојба е, дефакто, пои мое мислење нефункционирањето на градските органи на начин како што треба односно и кога функционираат не ги извршуваат своите функции на задоволителен начин.

Второ, целосната во моментот актуелна состојба на некооперативнот на градските органи со општинските органи во градот Скопје, а особено со оние општински органи кои се со различна политичка провилиенца од градското раководство.

Мислам дека овие две работи на некој начин сите нас не оптеретуваат околу фактот како ќе изгледа идното уредување на односите во градот Скопје и помеѓу општините во градот поаѓајќи од тоа

VI/7.-

дека живееме во еден шестгодишен период кој мислам дека не донесе многу добри работи за оние кои очекуваа нешто од локалната самоуправа за градот Скопје и кој мораа да ги на некој начин поднесат некој од работите кој се случуваат.

Сакам да се изјаснам во врска со законот особено со оној клен кој ги уредува надлежностите кои секако предизвикува можеби најмногу внимание.

Прво имам еден личен впечаток од аспект на некакво уредување на односите во градот и фаворизирање и дефаворизирње на одредени редони во градот од аспект на надлежноста на самиот град, Градот Законот е некако центроцентричен. Ако ова второто значи општина Центар, мислам дека законот е центроцентричен и во суштина ги уредува односите од кој корист ќе има општината Центар во однос на другите општини, можеби е нормално и мислам дека не е потребно толку и г-динот Таири нашиот колега кажа на пример со пазарите еден пример дека пошто он е од општината центар е избран за пратеник, дека е некакво хендикеп што сите три пазари во општината Центар предаваат на уредување на надлежност на градот, јас имам спротивно мислење дека тоа е една погодност на општина Центар која од заедничките пари на некој начин ќе добива на сите 7 општини ќе добива уредување, функционирање па и финансирање на уредувањето на пазарите во својата територија додека другите општини ќе мора покрај финансирањето од својата каса на некој начин и на овие три пазари да го уредуваат и својот пазаришен простор.

Мислам дека веќе одамна е поминато времето кога Скопје се снабдуваше во основа на централните градски пазари дека се повеќе е промовиран концептот на снабдување со пазарите кои не се во строгиот центар, или во општината Центар. Секоја населба си има свој пазари, на некој начин општината Центар па дури и примерот со парковите кои се концентрирани во општината Центар, со исключок на еден и сега имаме најава за некакво прифаќање на еден амандман,

VII/1.-ДВ/МЛ

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Исто така, лично сум недоволно убеден дека некои од пропорциите за распределба на финансиите во градот се урамнотежени односно мислам дека има мало неурамнотежување и мислам дека има сеуште простор и време, па дури и можности тоа да се урамнотежи со некои од амандманите кои се понудени од нашите колеги, не за да се фаворизира. или да се дефаворизира општинско или градско финансирање, туку тоа да се урамнотежи особено од аспект на можностите кои сега постојат да имаме такви односи помеѓу градските органи и општинските органи, едните и другите, дефакто да водат кон спорови кои се одразуваат на крајот на краиштата врз локалните проблеми на граѓаните.

Исто така, до колку надлежниот министер го дели моето мислење, мислам дека позицијата на амандманот на господинот Илија Гоцевски, главниот архитект во основа треба да најде место во законот и дека би било сходно со своите надлежности и во уредувањето на просторот, а од општинските органи во рамките на Градот Скопје да имаат свој главен архитект, особено заради тоа што во дел од овие општини постојат и населени места кои не се во урбаното подрачје на Град Скопје.

Исто така, она што навистина не наоѓам начин како од политичко размислување да се претвори во нормативна дејност овде во овој закон, меѓутоа чувствувам дека треба да се укаже на еден проблем, особено во законот за Скопје и неговите локални функции. Длабоко сум убеден дека дел од функциите кои се од локално значење, а се функции на Градот Скопје, тие далеку ги надминуваат проблемите на локални проблеми. Ќе наведам само два:

Едниот со кој досега не излегуваа проблеми, тоа е водоснабдувањето. Меѓутоа како законодавен дом а уште повеќе како политика на Владата мора да се остави простор, нормативен, можеби

тој постои некаде, што јас го немам сега предвид, меѓутоа читајќи го овој закон сега не наоѓам простор. Мора да се остави простор за одредени, таканаречени локални проблеми во градот, да има и можност за интервенционизам од државните органи, а не само од локалните органи. Снабдувањето на градот со вода е далеку од локален проблем. Тоа е снабдување на секој четврти граѓанин во оваа држава со вода, што значи дека снабдувањето на 420-тина илјади жители колку што останаа сега под удар на овој закон, со вода, не е само локален проблем. Не е локален проблем, веројатно и на другите градови со концентрација на населението. Меѓутоа концентрацијата на населението во Скопје е таква што проблемот на водоснабдување ако се третира само како локален проблем, мислам дека е проблематично или може да стане проблематично во одредени моменти и тоа да го надмине проблемот на локален проблем на локалните органи и тн. Мислам, ако не постои во другите закони, или ако овде јас не можам да согледам, треба да се размисли од сега натаму или сега, јас само како проблем го отворам, меѓутоа кажав не можам нормативно да увидам како тоа, да се остави простор дека за некои таканаречени локални проблеми е потребно да има можност од, таканаречена, интервенција, или како ќе кажеме, од надлежности на некои повисоки органи, особено при ваква концентрација. Ова сакам да го илустрирам зошто мислам дека е подобно. Затоа што за разлика од водоснабдувањето кое засега се одвива без проблеми, проблемот со сметот во Градот Скопје станува проблем кој веќе го надминува локалното значење. Не проблемот со собирањето на сметот, меѓутоа проблемот со депонирањето за кое сите кажаа овде, мислам дека е проблем кој веќе ги надмина границите на локален проблем.

Ние знаеме дека во својата политика Владата неколку пати досега превземаше мерки, јас се извинувам, но моја оценка е дека се неуспешни

мерки за надминуваше на овој проблем. Очигледно дека во овој момент ни градските органи не можат да го решат овој проблем. Така да ако ние како Парламент мислиме дека е само локален проблем, мислам дека грешиме. Под удар се 400 иљјади луѓе. За тој проблем мислам дека и повисоките органи треба да имаат законска основа врз основа на која ќе реагираат со сопствени мерки.

Јас сега ја немам картата на Градот Скопје кај мене, некои пратеници во изминатите фази се служеа со покажуваше на карти, меѓутоа сите од вас можете да најдете, има тука неколку.

Ако погледнете каде се складира сметот во Градот Скопје, во некакви геометриски димензии, тоа се складира многу блиску до центарот на градот. Не во психолошка смисла центарот, меѓутоа во географска смисла. Депонијата каде оди сега сметот е внатре длабоко вовлечена во градот, а мислам дека тоа е веројатно и најголемата депонија во Македонија, буквално инсталирана во внатрешните делови на Скопје. Тоа претставува еден проблем за кој и понатаму треба да се бара решение.

Размислувајќи за овој закон на ваков начин јас го поддржувам.

На крајот само би укажал дека можеби треба да се размисли и за оној член во кој се нуди градскиот совет да се формира покрај по принцип на избор и по принцип на делегирање или не знам како би го нарекле тоа, но сепак е тоа делегирање на советници од општинските собранија во Градското собрание, по критериум секоја општина по два.

Лично, ќе видиме како ќе покаже расправата по тие одредби кога ќе дојде на дневен ред, мислам дека треба да останеме на принципот градски совет избран исклучиво на директни избори без партиципација на 14 советници делегирани од општинските совети и од повеќе

практични, меѓутоа мислам и од некои суштински причини од уредувањето на политичкиот систем во Македонија. Мислам дека ова би бил единствен исклучок во конституирањето на претставничките органи на сите нивоа во РМ. Вакви надлежности мислам дека ќе може да создаваат услови за некаква блокада или некакво прераспределување на моќта во советот, можеби, виза ви волјата на гласачите на Градот Скопје.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Некои реагираа, зар и јас пак, кога во салата од 32 пратеника што ги делегира Скопје има само пет. Мислам дека со нашето појавување малку ќе го избалансираме тој однос. Сосема неодговорно, морам да речам бидејќи се работи конкретно за Град Скопје. Во салата има точно пратеници колку што имаше вкупно Либералната партија, 28. Во една таква атмосфера ние донесуваме закон за Скопје а слободно можам да кажам дека Скопје е држава во државата и така треба да се сфати.

Не може прашањето на Скопје да не го интересира ниту еден граѓанин на Македонија. Сите ние имаме и контакти и врски по различни линии со Скопје. Скопје е стаблишментот, Скопје е науката, Скопје е културата, Скопје е се. Мора да го прифатиме тоа. Според тоа нека го примат тоа како една добронамерна критика. Замислете да се расправа за Тетово, а ние тетовчани да не сме тука во салата. Мислам не е пријатно тоа. Со оглед на тоа што овој закон неколку пати беше дотеруван, беше актуализиран, со право, за да биде актуелен.

Специфичностите на Скопје треба да бидат затоа што Скопје претставува една рамка во која се прекршуваат интересите на граѓаните на Скопје со многуте негови општини и она што значи државен интерес или држава. Во сето тоа сега треба да се најде една складност за да

може сето тоа да функционира и да има една корелација и координација.

Прашањето на составот на тој совет, јас го поддржувам она дека ние за Скопје одредивме мал број на советници, помалку од бројот на пратеници, а не се согласувам целиот совет на Скопје да оди на непосредни тајни извори.

Да го потсетам колегата Никола Поповски дека и во Стразбур ние како Македонија делегираме свои членови, а сме многу мали. Според тоа, општините мора да делегираат свои претставници во градскиот совет, едноставно за да имаат комуникација. Како ќе се пренесуваат тогаш, како ќе координираат, како ќе пулсира тоа ткиво на Скопје.

Од ова искуство што го имаме овие денови, овие години, мислам дека основните прашања ќе бидат координација меѓу општините и Градот Скопје.

Со оглед на повеќепартизмот и реалните опции дека во повеќе општини ќе има доминантни различни политички партии, мора да се изнајдат начини, мора да се изнајдат механизми Градот Скопје да функционира без оглед на партиската припадност на општините и советниците. За жал во овој момент не можеме или не може Градот Скопје да се пофали со такво нешто. Сигурно дека во се она што значат одредени принадлежности и компетенции на градот, може да бидат дискутабилни, може да бидат и намалени или проширени, но во основа ќе биде, дали постои некој контролен механизам кој сето тоа ќе го регулира. Во понудениот закон не постои. Многу работи ќе се преклопуваат со Законот за локална самоуправа, затоа што општините своите основни функции ќе ги реализираат спрема Законот за локална самоуправа, а Градот Скопје сето тоа треба да го синтетизира за да не бидат нар^шени и да не бидат дерогирани оние права и принадлежност

што ги имаат општините. Сигурно дека во сите овие набележувања на објекти, верувам и институции треба да бидат една променлива категорија, варијабилна категорија од она што значи сегашен и иден интерес на Градот Скопје. Може да биде создаден објект кој ќе има интерес за Градот Скопје и ќе ги надминува рамките на конкретната општина. Имено, како и во сите други градови, покрај сето она, комуналните прашања се можеби и на прво место и се најинтересни и најатрактивни. Тука веќе имаме една специфичност дека зад целото подрачје на Скопје ќе биде еден архитект, главен архитект и ќе има совет на архитекти во кој ќе бидат делегирани членовите. Можеби треба да се размисли дали тие членови кои ги делегира градоначалникот не треба да бидат и архитекти на конкретните општини за да се растовари на некој начин, не е внесено конкретно. Може да се допрецизира. Господине министре стои - делегираат познат архитект. Но тој не е во функција на градски архитект. Нека се размисли за да не биде преоптоварен архитектот на ниво на Скопје, да мора да се состануваат скоро секој ден за да ги решаваат работите од делокругот на единиците на локалната самоуправа.

И она најважното, Скопје е Скопје. Колку да ние честопати од провинцијата имаме и одредени забелешки, мора да се сфати дека високата цивилизација и хаосот се на еден чекор, како што е познатата филозофија дека од највисокиот ген до лудакот дели само еден чекор. Според тоа прекинот на струја, на вода и се она што значи инфраструктура во едно Скопје^има поинакви димензии и значи нешто посериозно отколку тоа да се случува во некоја помала општина каде што нема индустриски капацитети, осетливи уреди и тн. Според тоа мора кон овој закон да се пријде најодговорно. Законот ги одредува сите компетенции. Меѓутоа, мене, на некој начин како да ми фали она што значи, кој е тој што ќе може кој ќе има авторитет моќ и снага да може да

има контрола на она што значи градоначалник на

Градот Скопје. Во моментот таков механизам немаме. Кога би имале не би ни се случувало она што го имаме во Скопје, да не зборувам веќе за експлоатираната тема "Дрисла" и тн.

До господинот претседател би апелирам по амандманската расправа да се овозможи, евентуално процедурална интервенција на пратениците за да не се случи онаа непријатна сцена од синоќа кога неколкумина пратеници бевме оневозможени пред гласањето процедурално да се изјасниме, што е спротивно на Деловникот на работа на ова Собрание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа никогаш не било случај господине Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Синоќа беше случај. Кога три-четири пратеници побараа деловничка интервенција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие не побаравте и никој не може да ви го одземе правото да говорите.

Има збор господинот Марјан Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Мислам дека забелешката на господинот Стојановски не држи, за пратениците од Скопје, бидејќи еден дел од нив пишуваат амандмани баш за овој закон и затоа не се во салата.

Има збор господинот Владимир Станковски.

(Господинот Стојановски бара процедурално прашање).

Господине Стојановски господинот Станковски побара збор, па после вие ќе се јавите за процедурално.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Моето излагање има врска со излагањето на претходникот, мислам на господинот Поповски во однос на комуналната хигиена во градот и организацијата. Тој повеќе зборуваше за проблематиката, а не како да се реши.

Мислам дека Законот за локална самоуправа и сега овој закон даваат доволна можност секоја општина, во рамките на својата општина има свое претпријатие кое ќе се занимава со комунални услуги. Според тоа сегашното одметнато јавно претпријатие на градот не си ги врши своите услуги и нема да ја има таа монополизирана положба и секој градоначалник ќе може да формира јавно претпријатие за комунална хигиена и тоа претпријатие ќе одговараат директно на него. Според тоа, овој закон тоа го овозможува и тоа е токму она позитивното на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски повелете, баравте процедурално прашање.

(Томислав Стојановски се откажува).

Немојте после да речете дека пак не ви давам можност за процедурална интервенција.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

VII/9.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Пред да почнеме со амандманите само телеграфски, бидејќи беа поставени неколку прашања и на нив да одговорам.

На прашањето што, до колку определени функции бидат блокирани во областа на водоснабдувањето и носењето на сметот и друго, тоа се решава со соодветните закони за комунални дејности, за водоснабдување и слично каде што државата ќе има корективни механизми во таа смисла и ќе ги наплатува од средствата на локалната заедница, до колку оваа не ги врши тие дејностите или евентуално ако такви од средствата на државата.

**ВЛАД0О ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Што значи застој во системот не може да има, но нормативно тоа ќе се покрие со системските закони од одделните области. Кога станува збор за таканаречената можност од колизија на надлежности меѓу општината и градот Скопје, овој закон јасно ги разграничува. Тие што ги презема како надлежности на градот Скопје согласно членот 117 ставот 2 од Законот а локална самоуправа, тие се негови надлежности. Меѓутоа, по својата природа има надлежности кои се исклучуваат и има надлежности кои по својата природа се дополнуваат. На пример иницијативите за определени културни, спортски или други организации на општина не можат да бидат спротивни, на иницијативите на градот, заради тоа што во таа област се решава државниот орган, соодветниот државен орган. Тоа се иницијативи кои што конечно одат кон државниот орган.

Истото е со поттикнувашето на занаетчиството. Тоа може да го прави и градот, тоа може да го прави и општината. Меѓутоа со задржувањето на улиците или водоснабдувањето таму каде што е изричност надлежност на градот таму не може да се меша и општината бидејќи тие надлежности се исклучуваат по својата надлежност. Идејата е повеќе догматска, не е практична, дека имаме два вида граѓани или граѓаните се наоѓаат во две различни позиции во градот Скопје и во општините, при што во градот Скопје биле онеправдани, затоа што непосредно не можат да учествуваат, оти градот Скопје е гломазен. Не е точно, напросто се во иста положба, затоа што од непосредното одлучување се врши преку референдуми и одлуките на референдумот се задолжителни, доколку во Законот за референдум не е предвиден и некој

консултативен референдум, на пример. На таков начин референдумот граѓаните на ниво на град Скопје, референдумот на ниво на некоја општина е рамносилен во правна смисла. Собирите на граѓани, кои што беа поттикнати, собирите на граѓани секогаш и во општините и во градот Скопје имаат за задача да проверат определена намера нас градот Скопје или на општините, но тие собирите на градот Скопје не решаваат. Што значи непосредни форми на решаваше се референдумите. Непосредни форми на учествување се собирите на граѓани и граѓанските иницијативи, кои што еднакво можат да се вршат. Каде би се вршел во Скопје? Се разбира во реони и во рамки на градот Скопје како што функционира како собири на граѓани, како што функционираат и денеска, а после ќе се квантифицира, напросто, колку собири на граѓаните, ако е тоа важно и ќе се изрази, заради тежината и авторитетот на бројот на граѓаните, што преку собири изразиле мислење.

Некое друго поважно прашаше во таа смисла во која што посебно треба да се одговори нема. Прашањата кои беа поставени од г-динот Шапуриќ, она што требаше по трет пат нему да му се одговори, го одговори Туше Гошев. Она што г-динот Стојановски го кажа за смислата на двата членови во советот е и мое мислеше, не треба повеќе да се задржам, а тука нема никакви проблеми од становиште на карактерот на изборот. Тоа се исто така избрани на непосредни гласови, како членови на советот на општината, а тоа што општината ќе ги избере и во советот на градот, овозможува инструмент за соработка, комуникација и за делување, но не за претежно, тие се 14 и не можат, на пример, на тој начин да го прекршат мнозинството на градот Скопје. Но, тие се полноправни во работата на советот на градот, Скопје. На тој начин се

изразува исто така и посебноста на формирањето на органите на градот Скопје. Кон амандманите, се разбира, ќе се однесуваме со полн респект и општо кажано веќе сме подготвени еден добар дел да ги прифатиме, а за другите ќе дискутираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Молам за информација за бројот на пратениците во салата.

Констатирам дека имам доволен број пратеници во салата. Ве молам, пратениците да бидат тука во салата, а не во ресторантот.

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон на град Скопје.

Кој е за предлогот молам да крене рака?
64 пратеници гласаа "за".
Дали има некој против? (не)
Дали некој се воздржува од гласање? (не)
Констатирам дека заклучокот е  усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака.
63 пратеници гласаа "за".
Дали има некој против? (не)
Дали некој се воздржува се гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да е претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандмани за менуваше на член 4 на член 6, на точките 3,5 и 6, член 6 став 1, точка 10, член 6 став 1 точка 11, член 6 став 1, точка 20, 21, член 13 и за менуваше на членот 20 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Назми Маличи, Зоран Шапуриќ поднесоа амандман на член 4 став 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандмани на член 6 став 1, за менување на точка 9 и на член 6 точка 13, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандмани на член 4 став 1 и 2, за додавање нов став 3 и став 4, член 5 став 1, член 6 точка 7, 9, 10, 15 и 19 и за бришеше на точка 20 и за додавање нов став по ставот 1, член 7 став 1, точка 1, за додавање нов став на член 13 по кој Владата не се произнела.

Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани поднесе амандман на член 4 став 6 и истиот го повлече.

Координаторот на пратеничката група на ПДП Исмет Рамадани поднесе амандман на член 4 став 6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љубомир Чадиковски поднесе амандмани на член 4 на став 1 и 4 и за додавање нов став 5 на член 6 точка 3 и 5 и 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Владо Давитковски, Никола Р. Поповски поднесоа амандмани на член 4 став 1 и 4 и за додавање нов став 5 и на член 6 точка 3, 5 и 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандмани на член 6, точка 3, 5 и 6# член 6 за менување на точка 5 член 6, точка 10, член 6 точка 12, член 6 точка 13, член 6 точка 15, член 6 за додавање нова точка 15-а, член 10 и за менување на член 13, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Станковски, поднесе амандмани на член 6 точка 5, точка 6, точка 14 и точка 18 и за менување на член 17 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Станковски поднесе исправка на член 6 точка 5, точка 6, точка 14, и 18.

ЗКП поднесе амандман на член 6 точка 21 и 22 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Билали, Абдулади Вејсели, и Абдурауф Пруси, поднесоа амандмани на член 6 став 1, точка 1, член 6 став 1 точка 2, член 6 став 1 точка 7, и на член 6 став 1 точка 19 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Никола Г. Поповски и Игнатие Богдановски поднесоа амандман на член 4 став 6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 6 точка 10, член 6 точка 12, член 6 за додавање нова точка 21-а и за додавање нов член 12-а по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски поднесоа амандмани на член 6 став 1 точка 5, член 6 став 1 точка 5, за додавање нов став член 6 став 1 точка 6, член 6 став 1 за менување на точка 10 член 6 став 1, за менување на точка 14, член 6 став 1 за менување на

точка 19, член 6 став 1 за менување на точка 20, член 14 став 2 за менување на член 15, и за менување на член 17 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 2 за додавање нов став по став 2, став 4 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува амандманот г-динот Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 4 за додавање нов став 5 поднесен од пратениците Владе Давитковски и Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се усвојува амандманот, усвоен е вчера во законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор....

Го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 4 за додавање нов став 5 поднесен од пратеникот Љубомир Чадиковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Чадиковски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 6 поднесен до пратениците Назми Маличи и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, бидејќи е исто така во Владин амандман опфатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака.

Ниту еден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 6, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот, внесен е во владин амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 6, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Никола Г. Поповски и Игнатие Богдановски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Го повлекуваме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 1 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Абдулади Вејсели и Абдурауф Пруси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор( Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

1 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 2 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Абдулади Вејсели и Абдурауф Пруси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Ниту еден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 точка 2 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Абдулади Вејсели и Абдурауф Пруси.

Отворам претрес по амднманот на член 6 точка 3,5 и 6 поднесен од пратениците Владе Давитковски и Никола Р.Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 3,5 и 6 поднесен од пратеникот Љубомир Чадиковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува амандманот г-динот Чадиковски.

Отворам претрес по амандманот на точка б точка 3, 5 и поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Ниту еден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член б за менување на

точка 5 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Ниту еден пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1"точка 5 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Го повлекуваат амандманот предлагачите.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 5 за додавање нов став поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

3 пратеници гласаа за

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 6 точка 5 точка 6, точка 11, и точка 18, поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, има посоодветен владин амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Мислам дека овие амандмани кои бе предложени ,а ќе ги наведам не се посоодветни од Владата и ќе кажам во што е разликата Јас во претходната расправа најавив дека распределба на средствата помеѓу градот и општините треба да биде на база 50% за градот, а останатите 50 за општините. Тоа значи за секоја општина по 10% од средствата кој ќе се потребни во сферата на трошењето за одржување реконструкција и за сите други намени. Мислам дека ова досега имавме распределба под 12,5 помеѓу општините и градот. Сега ја сведуваме на 10 и мислам дека ако овозможиме една ваква распределба и градот и општината ќе бидат задоволни и попштините ќе можат овие зголемени надлежности што беа спомнати околу реконструкција на сервисните улици, ќе може да ги покрие со овие средства. Со тоа се балансираат средствата и мислам дека Владата не може поточно да знае, туку овдека се тројца претседатели на општините од Скоп^е кои имаат веќе по 6 години искуство во оваа севера. И мислам ако н си ги правиме личните проекции во политичка сфера, треба да кажеме дека е ова најобјективна распределба и молам пратениците да го подржат.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Јас би сакал да дадам едно мало објаснување околу овој амандман, а мислам дека ова објаснување ќе биде доволно и за неколкуте други наредни амандмани кои од прилика се слични , ја менуваат само бројката во процентуалната распределба ,или односот помеѓу градот и општината. Во владиниот амандман се даваат 40% од средствата за уредување на градежното земјиште во општината, 60% на ниво на град. Веднаш да кажам дека досега не беше распределбата никаква со проценти врзана, тоа беше исклучива надлежност на градот и градот ги собираше сите средства од уредувањето на градежно земјиште и со посебна програма ги распределуваше во општините. Некаде и 12, некаде и 50%, некаде и многу повеќе, некаде многу помалку. Така што проценти воопшто не беа битни. Значи сега за прв пат се доделува една фиксна сума на средства собрани во општината во висина од 40%. Зошто мислевме дека е 40% доволен процент во сразмер со оној 60% кој го добива градот. Градот има покрај надлежноста да определува, или да ги расчистува поедини магистрални водови и да ги гради поедини магистрални водови во градот на цела територија на градот аз која неспорно мора да се согласите дека тука се улици, водоводи и канализации , пречистителни станици, објекти од јавен интерес за градот и сл. доколку го намали Буџетот во маса пари, а со 40% , или со 50% од тоа драстично се намалува не ќе биде во можност соодветно да ги направи и да ги испланира тие активности. Од друга страна процентот од 40% кој е доделен во градот е фиксен и стартен, а со посебна програма за уредување на градежно земјиште која е дадена во наредните ставови во овој член 6 во надлежностите се до распределуваат тие средства доколку има такви средства и во општините. Значи тоа се прави и индиректно, покрај директно од процентот од 40% и индиректно. Ќе има

општини кои доколку се зголеми процентот и на 50 и на 60 и на 70% да биде како процент во општината , но средства кои се собрани во таа општина доколку таму нема соодветна градба и доколку не се собираат средства од уредувањето на градежното земјиште на тој простор таму ќе бидат хендикепирани затоа што многу малку средства на градот ќе им останат за повратно да ги вратат во таа општина, или оние кои што имаат на ваков начин ќе бидат уште повеќе фаворизирани во однос на оние што немаат. Нас ни беше кристално јасно дека со ставање на одреден процент во распределбата на средствата за уредување на градежно земјиште ќе се стимулираат општините , она што беше пред малку овде од еден пратеник мислам г-динот Гоцевски тоа го кажа да се спречи бесправната градба и да се натераат сите оние кои сакаат тоа да го прават, да го прават со уредна документација при тоа плаќајќи ги средствата за уредување на градежно земјиште, или општината ќе биде стимулирана да на таков начин тоа го прави. Јас се согласувам дека со поголем процент е поголем и стимулансот на општината тоа да го направи, но има општини кои со своите урбанистички планови ги пополните празните локации или голем дел од празните локации и сега имаат многу малку можност да отворат нови локации и нови локалитети за градба, за прибирање на такви средства кои ќе бидат директно во нивниот буџет. Затоа не е добро денеска да предлагаме изменување и оценување на процентот дали е достаточен, или не е достаточен. Ние мислиме да е ова прва фаза, или сегашното донесување на овој закон доволен е овој појдовен коефициент, или појдовен процент да биде мерка за добивање на средства во општините. Се надевам доколку тоа има потреба во некоја од идните фази со измена наз аконот тоа може да се направи. Но, не никако денес со стартниот закон.

IX/3.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

По првата точка не би сакал да губиме време и да полимизирам со г-дата министри. Би поминал на вториот амандман по точка 2 каде што барам да се измени самоуправниот израз "мислење" . Мислам дека барањето на согласност од општините кога градот треба да преземе донесување на некои програми треба да се бара согласност, значи заеднички да учествуваат општините рамноправно и да интересите свои заеднички да ги остварат. Мислам дека оваа формулација наместо "самоуправното мислење" да го додадеме зборот "согласност" со што овозможуваме да ги пренесеме интересите и на општините. Во случај да не го прифатиме ова мислењето на општините ќе остане мислење, а градот ќе си ги спроведува своите програми онака како што тој замислува.

И под број 3 да не губам време во амандманот под реден број 11 по точка 6 се испуштени "населени места". Мислам дека секоја општина па и скопските општини по оваа ревизија на територијалната поделба останаа со некои населени места и тие населени места во оваа точка се спомнати, бидејќи во текстот се испуштени .

И на крајот се зборува за амандманот каде што инсистираме градот Скопје и општините да ги донесат своите акти едновремено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор:

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Вториот амандман поврзан со претходно мислење од општините не е прифатлив и не може ниту правно да биде заснован, а како механизам во функционирањето на општината значи можност општината да го блокира донесувањето на одлуката на градот ако не даде мислење.

IX/3.-

На таков начин се претпоставува надлежноста на општината во однос на градот. Надлежностите на градот се самостојни и тие се вршат изворно во онаа смисла во која се определени. Само да кажам бидејќи очекувам дека ќе реагира поднесувачот тука се таксативно наброени како негови надлежности, а во член 17 став 2 во случајот на градот Скопје се дава предност фактички на градот Скопје и се вели дека општините ги вршат оние работи, горните работи од членот 17 доколку со посебен закон не се утврдени како надлежност на градот Скопје. Во случајот се утврдени како надлежност на градот Скопје. Правната страна е комплетно чиста. Рационалната страна. дали е добро да се донесува така програмата врз претходно мислење. Тоа значи дека секоја општина може да го блокира донесувањето на програмот на ниво на град Скопје. И затоа не е прифатливо.

За точката 11 има владин амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 6 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 7 поднесен од пратениците Мерсел Биљали , Абдулади Вејсели и Абдурауф Пруси.

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 7,  9, 10, 15 и 19 за бришење на точката 20 и за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Како прво амандманот на член б став 1 точка 7 го повлекувам. Исто така предлагам по точките 9,10 и 15 доколку предлагачот се согласи би направил соодветна измена заедно со општините во кои се лоцирани дотичните комунални објекти. Затоа што во секој случај сметам дека нелогично е општините во кои што ќе бидат лоцирани на пример "Дрисла", Рашче, за водоснабдување да не може истите да учествуваат во стопанисувањето со нив да депонираат смет и сите тие работи.Сметам дека би било пожелно да се најде начин да им се овозможи на овие општини во чии територии ќе бидат лоцирани овие комунални објекти да можат да учествуваа во нивното управување. Понатаму јас објаснував, но чувствувам потреба уште еднаш да се повторам сите општини ги имаат своите пазари , освен општина Центар

на која што сите пазари и се одземаат. Јас се обидувам со ова еден компромис да се направи , барем еден пазар да им се остави. Не знам на кој начин ќе се објасни тоа само општината Центар да остане без ниеден пазар иако има одредени објаснувања кои што јас лично ги знам. Понатаму во член 20 исто така сметам дека општините треба да се занимаваат со одржувањето и организирањето на паркирањето во своите општини, а не градот Скопје. Сметам дека поефикасно ќе се извршува та надлежност од страна на општините . Додека што се однесува на додавањето на нов член први, сметам дека министерот сам кажа дека тоа се подразбира и јас со ова само го прецизирам тоа дека такви надлежности како што се иницијативи, поттикнување на развој и цивилната заштита и сега има одредени делови кои што се во надлежност на општините па со самото тоа и општините да учествуваат во вршењето на овие работи. Сметам дека иако амандманот е еден и содржи повеќе точки, има работи кои што навистина сметам дека непотребно се одбиваат и би требало да бидат прифатени. Додека за пазарите ако ништо друго ако не е прифатлива и ваква формулација сметам дека на општина Центар треба да и се овозможи да учествува во одржувањето и организирањето на работата на пазарите заедно во градот Скопје. Доколку е таков амандман прифатлив и таков би предложил. Но сметам де<ка се чини голема неправда со тоа што општината Центар се исклучува комплетно од надлежностите по однос на овие три пазари.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот поднесен за точките 9, 10 и 15 иако преформулиран од пратеникот мислам" дека е неприфатлив затоа што повторно ќе ги донесе до тешка ситуација општините доколку не се согласат за одредени прашања и тоа во делот точно во надлежностите кои ги

уредуваат прviот во контролирањето всушност во организирањето на снабдување со вода на изворот Рашче,во контрола на депонијата "Дрисла" и во превозот на градскиот и меѓу општинскиот сообраќај 1се биде доста отежнат доколку не најдат заеднички јазик, или не се усогласат двете општини. Тогаш ќе се блокира повторно нивната работа и може градот да има големи последици. Добро е во овој момент да градот тоа го уредува исклучиво како единствен надлежен во овој дел се со цел да работите еднаш попримат свој нормален тек . Велам нормален затоа што досега имаше огромен број на проблеми точно во овие три проблематики. Во точката 19 зборот "Бит Пазар", јас морам да објаснам нешто за "Бит Пазар", Бит Пазар подеталното урбанистичко решение е пазариште од времен карактер, или низ него поминува една ново проектирана улица и тој егзистира со дореализацијата на улицата "Стив Наумов". Во моментот кога улицата ќе се реализира колку што јас знам градот уште годинава започна активности за експропријација и пробивање на улицата тој пазар едноставно ќе го снема од оваа локација во центарот и Центар најверојатно да размислува за нова локација. Еве шанса наместо овој пазар Центар во своите планови да зацрта нова локација, или да предвиди нова локација бидејќи деталните планови ги донесува градот, или сега по новиот закон општината Центар па со тоа ќе си овозможи да има и други пазари.

Точката 20 не е добро да се брише уредувањето на паркиралиштата во Скопје во овој момент е доста лошо уредено и на некои паркиралишта се јавуваат огромни проблеми чии се, кои управува со нив, кој стопанисува и тркајќи се да докажат општините и градот чие е паркиралиштето, паркиралиштата се доста неуредени, доста тешко е одвивањето на нивната функција во тој дел и од ден на ден со потешка ќе биде доколку се усвои овој предлог употребата на овие паркиралишта. Предлагаме да исклучиво во надлежност на градот да бидат овие

паркиралишта и од една друга причина затоа што некои од паркиралиштата се наоѓаат и помеѓу две општини и ќе биде многу тешко пола една општина да го уредува , друга општина друга половина. Мислам дека ќе се доаѓа до непријатни ситуации. Градот е во овој момент единствен кој може тоа да го направи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи не се прифаќа онака модифициран амандманот на г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Јас не би се согласил со тоа дека работите ќе се искомплицираат со тоа што ќе им се овозможи и на општините во чии територии постојат овие комунални објекти да учествуваат во нивната работа затоа тшо тоа елегантно се одлучува со тоа што државата интервенира, односно надлежното министерство во делот каде што ќе настанат спорови. А спорови евентуално можат да настанат само во делот каде што ќе се укинуваат некои потреби кои што ги имаат новите општини. Додека за Бит Пазар иако ова објаснување на министерот дека ќе се расчисти дека локацијата и сите тие работи, еве доколку би било и прифатливо не гледам, сепак не даде објаснување односно јас не сум убеден во тоа дека општината не треба да и се овозможи на општината да учествува во уредувањето заедно со градот дотолку повеќе што и се одзимаат сите овие пазари од општината Центар. За паркиралиштата сега, сега паркиралиштата не се ни на градот ни на општините. Доколку се прифати овој амандман се знае дека паркиралиштата ќе и припаднат на општините. Ако остане вака на градот. јас сметам дека по ефикасно ќе биде уредено ова прашање во општините. Додека на градот јас се надевам дека господата од министерствата ќе размислат да и додадат

некои други функции кои ќе бидат поважни и покарактеристични за градот Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Видете, животот е апсурден некогаш . Од две спротивставени позиции доаѓаме до едно решение. Јас не го поддржувам целината на амандманот од г-динот Таири, меѓутоа амандманот како што тој тука побара да се раздвои^малку бидејќи опфаќа неколку точки. Во точка 19 го поддржувам. Тој мисли дека општината Центар е хендикепирана што ниедно пазариште не го уредува сама . Јас од општина Кисела Вода бидејќи сум мислам дека општина Центар е бенефицирана со фактот дека ги уредува пазарите на својата територија од заедничката каса која ја финансираат и другите општини. Значи од две навидум различни и сосема спротивставени гледања на работите јас сакам , но мислам јас би апелирал до пратениците да се подржи идејата за овој пазар. Јас не верувам г-дине министре иако имам многу доверба во Вас дека аз една година ќе се реализира ова што го кажавте . Во градот работите одат многу споро . Јас апелирам до пратениците да го подржиме овој дел на точка 19 и на некој начин да оставиме на општина Центар сама да си го уредува ова пазариште на некој начин и сама да си го финансира уредувањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор: (Никој)

Се разбира ако инсистирате г-динот Таири може да поднесе нов амандман модифициран.

IX/10.-

Доколку чувствувате потреба дека ќе биде подржано, а во прилогот на дискусијата одеше тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за вака предложениот амандман молам да крене рака.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ги повлекувам сите амандмани освен на точка 19.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе, дали се согласува, амандманот се повлекува освен точката 19, модифициран.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го прифаќаме амандманот во делот на точката 19.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за менување на точка 9 поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Причините зашто го поднесов овој амандман ги кажав уште на почетокот, но ако министерот стои на тоа што го кажа дека ќе поднесе амандман редуциран од г-динот Туше Гошев, ако тој се прифаќа јас овој го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за менување на точка 10 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Амандманот го повлекуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 10 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот, има владин амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Нема ниту еден глас за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 10 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, има владин амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

1 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 12 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 12 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 13 под- несен од пратеникот Ризван Сулејмани,

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈНАНИ:**

Јас навистина барам дополнително образложение зашто навистина не ми е јасно зошто овој амандман не се прифаќа бидејќи се работи само за едно допрецизирање. Да ја цитирам точката 13 каде стои "го уредува начинот на доврзување и користење на градскиот парк, Паркот жена борец, Парк шума водно, шума "Гази Баба", постојните спортско - рекреативни површини и заштитни подрачја во согласност со законот." Јас само овде барам да се додаде дека тие постојни заштитни подрачја се подрачја на градот Скопје. И не знам сега што е смислата вака да остане дефиниран, не докрај изречен за кој подрачја се работи, чие користење и заштитни подрачја и натаму треба да има ингеренции градот Скопје. Ако веќе се работи за подрачја за кои не се понатаму во подрачјето на градот Скопје, која би била логиката на тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Останувате на амандманот г-дине Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Да.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 13 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот  се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за менување на точка 14 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот го повлекуваат предлагачите.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 15 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Ниту еден пратеник не гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нова точка 15-а поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

1 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за менување на точка 19 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 19 поднесен од пратениците Мерсељ Биљали, Абдулари Вејсели и Абдурауф Пруси.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член б став 1 за менување на точка 20 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член б точка 21 и 22 поднесен од Законодавно правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член б за додавање нова точка 21-а поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 точка1 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

ниту еден пратеник не гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менуваше на член 13 под несен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Би сакал да објаснам дека амандманот се однесува на зголемување на бројот на членовите на советот кои се избираат на непосредни избори и сметам дека бројот 25 премногу мал.

До колку има некои укажувања за помал број и слично пак би било прифатливо од моја страна, но сепак укажувам на тоа дека бројот 25 за градо Скопје е премногу мал и би требало навистина да се замени за да се овозможи посоодветна покриеност на целиот простор со претставници во Советот. На овој начин како што е дадено јас сметам дека треба да се корегира. Ако не со број 40 , тогаш со 35 или некоја друга бројка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не е лошо да имаме предвид дека фактички бројот е 39 на Советот на градот Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 15 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАД0О ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Гоцевски.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Сакам да објаснам дека овој амандман се однесува за главниот архитект односно речено е во член 15 дека до колку не се сложи главниот архитект на градот не може општината да го донесе деталниот урбанистички план. Мислам дека овде треба да се прецизира дека до колку не се вклопува деталниот урбанистички план во контурите на генералниот план, а не може во било кој случај да го опструира донесувањето деталниот план. Во таа смисла е овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот гласи ако предложените детални урбанистички планови на општините не се вклопени во контурите на генералниот урбанистички план, главниот архитект нема да даде позитивно мис-лек>е и постапката за нивно донесување не може да започне.

Сметаме дека главниот архитект може да не одобри употреба на урбанистичкиот план, но да започне секоја институција има право со својата процедура и да го изготви својот акт.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Токму со законското решение не се дозволува започнување на постапката. Така што и амандманот не излегува од тие рамки, само што кажува дека треба да се придржува до контурите на генералниот урбанистички план. Сметам дека амандманот треба да се прифати и да се избегне можноста главниот архитект да се стави над советот. Инаку вака како што е дадено не се објаснува што во случај на несогласност

помеѓу главниот архитект и советот. Што ако и понатаму не може да се донесе планот односно четири години додека трае спорот меѓу главниот архитект и советот не може да се донесе деталниот урбанистички план. Сметам дека е направен пропуст а со амандманот тоа се избегнува и би требало да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Проблемот не се разрешува со едната или другата формулација со основниот текст или со амандманот, туку со евентуален амандман кој што ќе го разреши проблемот и ситуацијата тогаш кога има блокада кога има забрана или недавање согласност од страна на архитектот и тогаш кога на тој начин е блокирана работата кај советот на општината. Има определен механизам за надминување на процедурата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи ова не го прифаќате. (не се прифаќа)

Дали уште некој бара збор?

Во секој случај ова треба да се надмине, овој сукоб да се модифицира во таа смисла амандман.

Молам кој е за предложениот амандман да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Има збор г-динот Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи главниот архитект е орган на градот Скопје и таа институција е резервирана за градот Скопје, а станува збор за релација со општините, во случај на блокада , одлука донесува советот на градот Скопје, затоа што станува збор за негова институција Таков амандман е продуктивен на таа ситуација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак ова е во рамките на сугестија

Отворам претрес по амандманот за менување на член 17 поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 17 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Се повлекува амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Владимир Станковски, поднесе амандман на член 6 точка 8, 11, и 14 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Игнатие Богдановски, поднесе амандман за менување на член 13 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Туше Гошев, поднесе амандман на член 6 точка 9 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кирил Спасовски, поднесе амандман на член 4 став 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Хисен Рамадани, поднесе амандмани за менување на член 5 и на член 7 за додаваше нова точка 3 по точката 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Владе Давитковски, Љубомир Чадиковски, Никола Р. Поповски и Владимир Станковски поднесоа амандмани на член 4 став 8 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Гоцевски, Кирил Спасовски поднесоа амандман на член 6 став 1 точка 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 5 поднесен од пратеникот Кирил Спасовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 8 поднесен од пратениците: Владе Давитковски, Љубомир Чадиковски, Никола Р. Поповски и Владимир Станковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член б став 1 точка 5, поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Јас сакам да објаснам зошто го предлагам овој однос.

Досегашното искуство покажува дека добар дел на капитални инфраструктурни објекти во општините останаа нерешени. Комплетно 1се го кажам примерот во Гази Баба. Имено, четири години узастоп во Програмата на градот се проектира улица индустриска која носи односно оди до индустриска зона која треба да се излицитира и да донесе на градот односно општините нови средства за уредување. Четири години во Програмата не е проектирана. Ако имаше општината средства веројатно ќе го изградеше овој пат и градот односно општините ќе дојдеа до нови средства од околу 4 милиони ДМ. Од тие причини мислам дека овој однос треба да се зголеми на 50%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (30 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 9, поднесен од пратеникот Туше Гошев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нова точка 3 по точката 2 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани. Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 8 точка 8, 11 и 14 поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

На почетокот министерот рече дека ќе прифати добар дел од амanданите. Мислам дека тоа го демантира. Прифати некои амандмани кои се шминка на законот.

Јас ќе бидам краток. Морам да ги образложам овие амандмани и да укажам на пратениците за што се работи.

Точка 8 гласи: "Ја уредува изградбата, реконструкцијата и одржувањето на магистралните и собирните улици според генералниот урбанистички план, во согласност со законот.

Јас барам магистралните улици да се одржуваат - конструираат од страна на градот, додека собирните и сервисните улици да ги реконструираат општините.

Точка 11 го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување на магистралните и другите сервисни улици и тн. Пак градот, барам, да ги одржува магистралните правци за осветлување, додека општините треба да се згиржат за собирните и сервисните улици и за населените места.

Точка 14 го уредува и организира одржувањето на јавното зеленило, дрворедите, јавните водени површини и тн.

Исто така барам општините да ги извршуваат овие функции.

VI/5.-

До колку не бидат прифатени овие амандмани, господа пратеници, ние немаме закон за облека, како треба градоначалникот треба да има свечена облека. Во колку имаше, ако овие амандмани не бидат прифатени треба да си ја облече таа свечена облека со специјална шапка, со кола, со забодено ноже и на граѓаните да им се насмев- нува и да им кажува, добар ден, вашите проблеми ќе ги реши градоначалникот, ама другиот градоначалник,на Градот Скопје.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Јас за облеката нема да зборувам, но ќе објаснам што значи овој амандман.

Во Законот за јавни патишта постојат четири групи на патишта и тоа магистрални, собирни, сервисни и станбени улици.

Не знам кој добро ја погледнал картата на Град Скопје и каде и како лежат собирните улици, па ќе видите зошто се одбива амандманот.

Еве ќе се обидам малку сликовито да објаснам.

Сите овие, таканаречени булевари во Скопје кои постојат сега, со исклучок на Булеварот Партизански одреди се собирни улици или улиците Иво Лола Рибар, Илинденска, Јане Сандански, Џон Кенеди, сите се собирни улици по номенклатурата на Законот за јавни патишта и по самиот генерален план. Замислете тие да се иземат од овие надлежности, што би се случило. Илинденска која се протега во центар и во Карпош може да поприми изглед во првиот дел да биде одржувана и крпена во дупките, а останатиот дел да не биде одржувана. Многу непријатно. Таа сепак е една голема, да речам, собирна улица по која се движи голем дел од градот. Слично е со сите други улици.

До колку постои поинаква класификација на улиците и до колку остане и оној стар назив, собирно коректорски улици, тогаш можеше овој

амандман да изгледа добар.

Второ, замислете ја Јане Сандански по целата нејзина должина. На почетокот е жолто осветлена, онаму каде што се протега во центар, понатаму бело или никако осветлена. Сепак тоа се собирни улици.

Уште нешто друго.

Многу од нашиот предлог за поделба на општините поминува по осовината на булеварите, делејќи ги улиците на лева и десна страна, или на две страни, уредувајќи ја едната страна, уредувајќи ја другата страна. Замислете како ќе изгледа една булеварска улица или една собирна улица. Од едната страна е уредена на еден начин во зеленилото осветлувањето и во нејзиното одржување, а во другата страна на друг начин. Или до белата гранична линија, до белата полна или прекината линија која ги дели патиштата треба да ги одржува едната општина а другата половина на патот, другата општина, мислам дека е тоа нонсенс.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас ги молам пратениците да не ми замерат, но морам тоа да го расчистам.

Почитуваниот Јорго Шундовски зборуваше и за улици и булевари кои се гранични помеѓу општините. Таква, колку што знам е една улица 557 или Рузвелтова, додека другите се сите надолжни и сите имаат значење што треба да значи дека градот треба да ги одржува.

Јас уште еднаш стојам на тоа и не се задоволувам со објаснувањето на господинот министер. Мислам, до колку овие амандмани не се прифатат ќе останат ќушињата, сокачињата, скалите на некои куќички да ги уредуваат општините и да се занимаваат со тригијални работи. Мислам, недопусливо е градоначалник кој застапува

пува и кој ќе биде биран од стотина иљјади бирачи, конкретно во Скопје, да се занимава со тривијални работи. Ве молам, ако е така да направиме, градот да си ги преземе сите функции и да знаеме дека одговорен за таа работа е градоначалникот и да имаме чисти есапи. Вака министерот спомна дека нема да се знае, а како би изгледала некоја улица до општина Центар, да кажеме од општина Карпош, па натака ќе биде неосветлена, па ќе се знае дека градоначалникот на општина Центар каде што е мрачно, неспособен е да осветли, а тој што е во Карпош е способен. Или обратно, да не бидам сфатен погрешно.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани министри јас го почитувам овој амандман од следните причини.

Ние синојка донесовме Закон за територијална поделба и нови подрачја на локална самоуправа, 12 3 општини, од причини што секоја општина води поголема грижа за својата територија.

Познато е дека секоја општина, се разбира, води поголема грижа, а овде се работи сега за Град Скопје. Градот има пари, но не доволно за целата своја територија и води таква политика каква што ја водат првите луѓе на градот.

Да кажам само еден пример. Улицата Џон Кенеди што се наоѓа на границата меѓу општина Центар и Чаир, утринава беше преплавена со пола метар вода, имаше 700 автомобили кои беа изгаснати, а луѓето мораа пешки да одат и да газат по водата и да неможат да ги извлечат своите автомобили затоа што таа улица се наоѓа на границата на две општини а и двете општини немаат пари за таа улица, а се работи за, можеби, 50 до 100 метри атмосферска канализација. За овој проблем имам разговарано и со министерот, се разбира тоа не е во негова

надлежност, со претседателите на извршните одбори на општините, тие немаат доволно пари и така проблемот останува нерешен. Илустрирам еден пример за да кажам дека амандманот е оправдан и треба да се прифати.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Мислам дека последниот пратеник не го разбрал амандманот точно. Примерот што го кажа, обратно зборуваше. Овде станува збор за две општини да не го уредуваат, туку градот да го уредува тој вид и дел на патишта и улици. Примерот што го кажавте со водата е одличен. До колку улицата се наполни, тогаш едната општина ќе има желба да ја испразни едната половина од улицата а другата половина, најверојатно, преку некој замислен бетонски ѕид или не знам каков ѕид, ќе треба да го чисти другата општина, нон сенс.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13, поднесен од пратеникот Игнатие Богдановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Мерсил Биљали и Абдулади Вејсели поднесоа амандман на член 6 став 1 точка 7, по кои Владата не се произнела.

XI/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 точка 7, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**МЕРСЕЛ БИЈБАЛИ:**

Зборувавме и со министерот во врска со амандманот. Првобитната формулација требаше да се преиначи. Тоа е сторено. Не гледам никаква причина зошто се сака да се прибави мислење кога тоа не се бара во таа форма како услов.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Иако е точна аргументацијата на господинот Биљали, во новотехничка смисла или правно, не е упатно во закон да стои она што, фактички, може секогаш да се направи. Имено, секогаш општината може да даде мислење. Ако го ставиме тоа во законот не и ја зголемуваме можноста повеќе, бидејќи нема правно дејство, значи општината секогаш може да даде мислење. Да не го оптоваруваме законот, само заради тоа.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Доколку не помине овој амандман ќе дојде до блокажа на советите на општините од причина што може главниот архитект се почесто да става забелешки кои не мора да значат оти се секогаш принципиелни.

Во таа смисла јас инсистирам сепак да се причека и да се донесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, добро го знаете Деловникот.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Ако е можно јас би го кажал амандманот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам деловнички амандманот се доставува во писмена форма.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Се работеше за член 14 во кој е речено дека за потребите на град Скопје се именува еден јавен архитект кој ги врши функциите на целото подрачје на градот Скопје утврдено со овој закон.

Понатаму, во член 15 ако главниот архитект не даде позитивно мислење на деталниот урбанистички план што го донесува општината во подрачјето на градот Скопје, постапката за нивно донесување не може да започне. Се дополнува мојот амандман со тоа што надлежноста за разрешување на спорот треба да помине во надлежност на советот на град Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот на г-динот Коцевски гласи: "Во член 15 се менува и гласи: "во случај на спор помеѓу, при донесување на деталниот урбанистички план на општинскиот главен архитект и на градот Скопје спорот го решава советот на град Скопје.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Нема општински архитект. Имено, амандманот не е коректно составен бидејќи нема институт општински архитект. Има само институт "архитекст на градот Скопје". Општините персонално избираат архитект.

Имено, сметам дека основниот текст не е страшен. Владата отиде на идеја при таков спор се обновува постапката и советот е должен да усогласи својот план со урбанистичкиот генерален план.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, г-динот Гоцевски го повлекува амандманот.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бар збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Г-динот Шапуриќ сака да објасни како ќе гласа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Јас гласам за предлогот за потребата за донесување на овој закон, значи за првата фаза. Нема да гласам за втората фаза затоа што кажав

дека законот е даден невообичаено, во една многу кратка процедура, во една многу брза процедура, која што граѓаните на Скопје и скопските општини, собранијата на скопските општини не можеа да се изјаснат, ниту месните заедници, тоа една причина.

Втора причина е таа што не се организира расправа, правна, стручна каде што ќе се увереше и министерот дека за донесување на овој закон потребно е 2/3 мнозинство, што е ставено во Уставот и јасно е зацртано.

Трето, и покрај тоа што се направени одредени напори јас сепак сметам и убеден сум дека граѓаните на Скопје заслужуваат подобар закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за, предлогот на законот молам да крене рака.

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

3 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање.

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за град Скопје.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за избирачки список и за избирачка легитимација со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Законот е едноставен, јасен, се однесува на неспорна материја. Од тие причини го предлагаме во ваква постапка и очекуваме поддршка бидејќи регулира една важна материја и заменува многу стар пропис.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, знам дека сме заморени, трет ден работиме, но и овој закон е многу сериозен закон и мислам дека треба да му посветиме малку внимание. Јас сум покрај другото и задолжен од Комисијата за политички систем да го изнесам мислењето на Комисијата, а сакам да го изнесам и своето мислење.

Го поддржувам предлогот за донесување на законот за избирачки список и легитимација, но мислам дека овој закон треба да се донесе во II фази, бидејќи сепак до изборите имаме време уште еднаш да го разгледаме овој закон со цел да се чуе мислењето на Комисијата и мислењето на Собранието.

Ние по мое мислење донесовме едно квалитетно решение на Законот за локални избори и ценам дека и овој закон треба да биде на тоа ниво за да имаме навистина закони кои што ќе бидат добри и кои што

понатаму нема да создаваат ситуации каде што одредени партии ќе реагираат на изборните резултати.

Од досегашното искуство овој закон што ставаше многу грешки при изборот на пратеници. Вака како што е законот предложен за локални избори може и да задоволи, но при избор на пратеници каде што едно место има на повеќе изборни единици, каде што се делат возможни се грешки, но овој закон не ги елиминира тие грешки. Сите ние добро знаеме во случајот Стајковци, граѓаните гласаа во Центар имаме префрлување на многу гради и голем број на граѓани од една изборна единица во друга изборна единица и реакции и на граѓани и на политички партии, но со овој закон тоа не се елиминира.

Законот предвидува единствен избирачки список, но по мое мислење тој список се води на две места, според Предлогот на законот и тоа водење на списокот на две места ќе создава понатаму проблеми во смисла на ажурирањето, бидејќи основните податоци се наоѓаат во Министерството за внатрешни работи, а ажурирањето на списокот, избирачкиот ќе го води органот кој што денеска ќе го дефинира со овој закон. Досега тоа беше Заводот за статистика, но сега веќе ќе го води одделен орган кој што го дефинираме со овој закон. Органот за внатрешни работи на секој 3 месеци податоци на овој орган кој што ќе го води списокот. Знаеме дека досега многу лица кои што наполнуваат 18 години не беа наведени во списокот, многу лица кои што беа одамна починати добиваа покани и сега со овој закон таа ситуација малку ќе се поправи, но-:сигурен сум дека повторно ќе има грешки.

Овде се споменува дека матичниот број ќе биде воведен во списокот. Јас мислам дека матичниот број треба да биде број околу кој ќе се врти целокупната евиденција во државата по сите обврски и граѓански права (избирачкото право, данокот итн.) Ако денка сме во ерата на

компјутерите и на електронската обработка на податоци може да се направи таков список кој што со една инструкција ќе ги отпечати сите граѓани што се родени на тој ден односно на денот на изборите кои што ќе наполнат 18 години. Ако во тој список се воведе веднаш лицето кое што е родено, но нема да се печати при доставување на избирачкиот список и ако човекот почине и појде во органот за внатрешни работи, побара да му се даде дозвола за закоп, тој треба автоматски да се внесе во компјутерот и потоа веднаш постојано да биде избришан од тој избирачки список. Овој закон не го регулира на тој начин овој проблем.

Понатаму, двојно државјанство. Законот предвидува лицата кои што се на привремена работа во странство да можат да гласаат. Меѓутоа, многу лица одат на привремена работа остануваат таму и добиваат двојно државјанство, а овде не се избришани.

Понатаму, во Законот не се предвидени казнени мерки како што е во сите закони од овој тип.

И нешто околу легитимацијата. Мислам дека е добро да се воведе легитимацијата, меѓутоа, овој закон освен што вели дека има легитимација ништо друго не кажува. Мислам дека со таа легитимација, доколку биде легитимација со електронско читање може да се регулира гласачкото право и сите грешки што се јавуваат сега да се елиминираат.

Конечно, сакам да укажам уште некоја работа. Не знам дали Владата предвидува, но добро би било за во градовите конечно да се изградат оние преградни боксови за гласање ...

(Г-динот Владо Поповски вели дека не е предмет на овој закон)

Знам дека не е предмет, но се ближат изборите и сите

овие закони што ги донесовме, и изработка на такви преградни боксови ќе го подигне нивото и ќе ја претстави Македонија како една организиран држава од европски тип.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на заков за избирачки список и за избирачка легитимација. -

Кој е за молам да крене рака?

60 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Заклучокот беше усвоен.

Дали собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

XII/8.-

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 40-а и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 5 став 2, член 14 став 2, членовите 20 алинеја 7 и 22 став 3, на член 29 и на член 36 за додавање нов став 2 по став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Туше Гошев, поднесе амандман за менување на член 43 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 43 поднесен од пратеникот Туше Гошев.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 65 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за избирачки список и избирачка легитимација.

За продолжението на седницата дополнително ќе бидете известени.

(Седницата прекина со работа во 18,45 часот)